# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 20 октомври 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г. Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со 39-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Каме Петров, Нeждет Мустафа, Весна Борозан, Марјан Ѓорчев, Ванчо Стаменков, Љубе Бошкоски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Љубчо Георгиевски и Али Ахмети ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат мнозинство пратеници и Собранието може да работи.

Продолжуваме со работа по Третата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушење, со Предлог на закон.

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 64 пратеници, 58 за, 4 воздржано и 2 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претрес и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале вкупно 72 пратеници, 67 гласале за, 3 воздржано и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Предлагачите на законот, пратениците Иван Анастасовски, Славица Станковска и Славица Грковска, поднесоа амандмани на член 3 и за додавање на нов став 2 по ставот 1; за бришење на член 4; член 6 за додавање нов став 2, за менување на член 7 и на член 8 став 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Цветанка Иванова, поднесе амандман на член 3, по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Цветанка Иванова, поднесе амандман на член 4 во новиот член 4-а став 1.

Бидејќи предлагачите поднесоа амандман за бришење на член 4, овој амандман е беспредметен и по него нема да се води претрес.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од пратеничката Цветанка Иванова.

Молам госпоѓа Станковска да се произнесе во име на предлагачите по амандманот.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор по текстот на Предлогот на законот?(Никој).

Го заклучувам претресто по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале вкупно 70 пратеници, 65 за, 4 воздржано и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето.

**Преминуваме на 4-тата точка од дневниот ред -** Предлог за донесување на закон за радиодифузна дејност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон и дописи на Комисијата за транспорт, врски и екологија и Законодавно-правната комисија и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, како и Мислењето на Владата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Молам, предлагачите да ме известат кој ќе биде претставник на предлагачите за законот.

Господин Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Еве после цела година желби, најави, навестувања за нов закон за радиодифузија со кој ќе се реши се од оваа област, за жал, таков закон од страна на Владата не добивме, освен оние три пленарни седници за плаќање на радиодифузната такса да се вметне во делот на наплатата за ангажираната моќност на електричната енергија, која е и противуставна и несоодветствува на интересот на граѓаните. Но Владата и позиционите пратеници останаа глуви на сите забелешки и на оваа седница по трет пат го изгласаа тој закон.

Но еве, се што се работеше на овој закон беше некаде до јуни, јули и тогаш се прекина со јавната расправа и од тој период до денес, господа пратеници, пред вас го имате Предлогот на законот за радиодифузија, предложен од пратеници од опозицијата ВМРО-ДПМНЕ, кој ќе се обидам да го презентирам денес пред вас и македонската јавност.

Зошто е направен овој закон кој треба да биде еден од клучните во однос со усогласувањето со европското законодавство и нашето приближување кон Европската унија и затоа мислам дека ова е еден од законите кои треба да ги донесеме сите заедно со политички консензус, кој би не приближил до Европската унија.

Значи, заради усогласување со Законот за радиодифузна дејност со законодавството на Европската унија во областа на радиодифузијата, како и поради обврските што ги има Република Македонија согласно потпишаната Спогодба за стабилизација и асоцијација со Европската унија, како и заради зајакнување на независноста на приватните електронски медиуми, независност на Советот за радиодифузија како регулаторно тело во оваа област и на Јавниот радиодифузен сервис Македонската радиотелевизија, а поради се помалата наплата на

радиодифузната такса која во првите три месеци од годината изнесува скромни 40%, го предлагаме донесувањето на овој закон.

Во текот на изминатите 6 години од примената на сегашниот постоечки закон се воочија појави на недоследности во примената на одредбите на Законот и ова остава простор за злоупотреби и директно политички влијанија во сферата на радиодифузијата. Постојните решенија се покажаа општи, неодредени и неефикасни и не даваат можност за независност на Советот за радиодифузија и на јавниот радиодифузен сервис Македонската радиотелевизија. Истовремено, со примената на постојниот закон трпат и приватните електронски медиуми заради недоследности и недоречености и контрактиторности на овој закон со Законот за телекомуникации.

И уште една голема причина е таа што Република Македонија ја ратификуваше Европската конвенција за прекугранична телевизија.

Токму тргнувајќи од овие факти што до сега ги кажавме, се обидовме да направиме еден закон кој што содржи неколку поглавја и тоа поделени на општите одредби, радиодифузни организации, во кои за прв пат се дефинира нешто што до сега во Законот не било - јас би сакал прво да ги набројам, а потоа ќе се навратам поединечно на одделни поглавја на овој закон - значи, делот за Советот за радиодифузија, мерки за спречување на медиумска концентрација, дозвола за емитување и дистрибуција на програма, програмски стандарди, рекламирање, спонзорство и директна продажба, дистрибуција на радио и ТВ програма преку кабелска мрежа, јавен радиодифузен сервис Македонската радиотелевизија и органите на Македонската радиотелевизија, финансирањето, правото на одговор и исправка, пристап и заштита на информациите, надзор, казнени одредби и преодни и завршни одредби.

Би почнал од почетокот со радиодифузните организации. Нешто што е ново во овој момент што треба да го објасниме а што досега еве функционира и не е објаснето, а се однесува на многу од нашите постоечки радиодифузни сервиси, посебно по градовите, општинските радија за кои во моментот никој не води грижа, а исто така и оние сервиси на Македонската телевизија кои постојат по општините. Во случајов се предлага формирање на една непрофитна радио установа, која според овој закон би била емитувач, што создава и емитува програма, нема цел стекнување на добивка и сите стекнати средства ги употребува за создавање и емитување програма. Непрофитно радио може да емитува само на локално ниво и тоа најмалку 6 часа а најповеќе 12 часа на ден. Тоа неможе да емитува реклами, но може да биде со спонзорирана програма. Потоа 30% од програмата треба да биде говорна од

сопствено производство, а 10% од музичката програма да биде за македонските изведувачи. Вакви установи може да формираат здруженија на граѓани и фондации, универзитети и студентски организации.

Значи, со ова дефинираме еден дел кој што во досегашната практика едноставно не беше дефиниран. Понатаму, новина и она што ќе претставува напредок во независноста на медиумите, тоа е формирањето на Советот на дифизија. Советот на дифузија кој во моментот функционира како што функционира мислам дека не придонесува за една принципиелност и правичност кон сите субјекти во радиодифузната дејност, и токму поради тоа го именуваме, со тоа што Советот ќе биде составен од девет членови, мандатот на членовите на Советот трае 5 години без право на реизбор, членовите на Советот ги избира Собранието на РМ и тоа со двотретинско мнозинство од гласовите со гласање за листа на предложени кандидати.

Оваа листа на предложени кандидати ја избира надлежната собраниска комисија. Во однос на тоа, кандидатите кои што можат да бидат предложени за Советот на радиодифузија ги предлага надлежната собраниска комисија која предлага двајца членови, Претседателот на РМ кој исто така предлага двајца членови, МАНУ која предлага 1 член, универзитетите во Скопје и Битола кои предлагаат по 1 член и мнозинската асоцијација на приватни електронски медиуми во Република Македонија која предлага двајца членови. Со ова составот на Советот за радиодифузија ќе донесе она што всушност го очекуваа и приватните и јавните медиуми и во однос на правичната застапеност која ја бара и Советот на Европа, да имаме правична застапеност меѓу позицијата и опозицијата во овие фактори.

Понатаму, веќе нова варијанта која се нуди во овој закон е токму Фондот за поддршка на медиумите. Фондот за поддршка на медиумите се формира точно за овие приватни радио станици и ТВ станици да може да функционираат, да не бидат зависни како што е во моментот зависноста од советот. Значи, и тука имаме формирање на Управен одбор. Се работи на тоа Управниот одбор да биде составен од 9 членови со мандат од 3 години. Советот го верификува составот на Управниот одбор на Фондот најдоцна за два месеци од денот на комплетирањето. Членовите на Управниот одбор на Фондот ги предлагаат: 2 члена надлежната собраниска комисија, при што се води сметка за застапеност на претставници на позицијата и опозицијата, 1 член од Министерството за финансии на РМ, 1 член од Министерството за култура, 1 член од Советот за радиодифузија, 1 член од

мнозинското здружение на кабелски дистрибутери, и 1 член од Кинотека на Македонија.

Значи со ваквиот начин на формирање на овој фонд за поддршка мислиме дека ќе биде многу подобро работењето и секој ќе биде застапен онолку колку што треба и според видот на својата програма.

Мандатот и функцијата извршен директор е неспојлива со било која друга функција. Човекот што ќе биде директор на фондот нормално е да се занимава само со работата на фондот и да нема никакви други интереси во однос на останатите субјекти во радиодифузната дејност.

Понатаму, во програмските стандарди се предлага еден нов член, а тоа е членот 71 кој кажува точно за она што и денес ќе го имаме за поддршка на правата на децата, радиодифузните организации да не смеат да емитуваат програми кои би можеле сериозно да го загрозат физичкиот, умствениот и моралниот развој на малолетните деца, истите програми треба да се означат со посебен знак и предупредување за нивно емитување и се определува времето кога може да се емитуваат, а тоа го определува Советот за радиодифузија. Тоа е нешто ново кое што во моментот се дефинира.

Понатаму во сферата на рекламирањето, спонзорството и директната продажба, каде во моментот постојат и премногу недефинираности, со овој закон се дефинира и тоа во членот 91, кој кажува дека времетраењето на рекламите не повеќе од 4% од времето на емитување на реклами на МРТВ и неможе да се емитуваат рекламио во времето од 17,00 до 22,00 часот а на радио од 07,00 до 17,00 часот освен во посебни ситуации а воедно не е дозволено политичко рекламирање надвор од кампањата на политичките партии и предизборните активности.

Понатаму, дистрибуцијата на радио и ТВ програма преку кабелска мрежа, која во моментот претставува една рак рана за Советот за радиодифузија и која можеби е област која најмногу не е дефинирана, со неколку членови мислам дека се резрешуваат доста работи од ова емитување. Тоа значи дека кабелските дистрибутери немаат право да емитуваат сопствена програма и сопствени реклами, тоа е дефинитивно и дозвола за дистрибуција на радио и ТВ програми се издава за определено подрачје, а на едно подрачје може да оперираат повеќе кабелски дистрибутери. Подрачјата за дистрибуција на радио и ТВ програмите по пат на кабелска мрежа ги определува Советот за радиодифузија. Значи со ова се дефинира уште една болна област од сегашната недефинираност на овие кабелски дистрибутери.

Доаѓа јавниот радиодифузен сервис, а тоа е МРТВ, каде што останува она дкако се формира и што се формира но имаме промена во тоа што се бара во самата програма МРТВ да обезбеди најмалку 50% учество на програмата од сопствено производство, должна е исто така да емитува најмалку 10% од вкупното годишно време за емисии на независните радиотелевизиски продукции и 20% од годишното време во делот за странската програма ќе се одвои за емитување на европски аудио визуелни дела.

Значи, органите на МРТВ останувaат, Управниот одбор кој исто така е составен од 9 членови кои треба да се избираат во Македонското Собрание со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници за времетраење од 4 години. Со тоа мислам дека ќе добиеме една поголема независност и дека МРТВ ќе може да го работи она што треба да го работи, да биде сервис на граѓаните на РМ. Исто така се формира Надзорен орган и начинот на кој ќе се формира Надзорниот орган кој треба да го избира генералниот директор, вели дека тој ќе биде составен од 8 членови, гласањето ќе биде со 2/3 мнозинство од вкупниот број пратеници и да постои еднаква застапеност на опозицијата и позицијата, како и соодветна застапеност на припадниците на етничките заедници. Со овој закон се дефинира и кој неможе да биде член на управните одбори и на НАдзорниот одбор.Значи, член не може да биде пратеник, член на Влада, раководни лица во органи на управа, функционери на политичка партија, лица кои се сопственици на удели или акции и лице кое е брачен другар, родител, дете или страничен роднина до второ колено со лицата од став 1, 2 и

3. Значи на овој начин се обидуваме токму надзорниот одбор да биде тој што ќе ги врши сите права и дефиниции за она што ќе треба да биде функционирање на МРТВ и истата да функционира независно и да не биде оптоварена апсолутно со ништо. Значи стигнуваме до членот кој е многу интересен, а тоа е членот 137 и 138 кој се однесува и за граѓаните на Република Македонија а тоа е финансирањето на МРТВ, значи на Јавното радиодифузно претпријатие.

Предлогот е да се финансира од Буџетот на Република Македонија, од приходите од економската пропаганда и други приходи. Од Буџетот на Република Македонија се обезбедуваат средства во висина од најмалку 20 милиони евра годишно во денарска противвредност, кои се распоредуваат врз основа на следните пропорции и намени. Така, 72% за Македонската радио телевизија за финансирање на основната дејност, 5% за унапредување и развој на техничката база на Македонската радио телевизија , 15% за македонската радиодифузија за

финансирање на основната дејност и развој, 3% за Советот за радиодифузија и 5% за развој на медиумите.

Министерството за финансии е должно најдоцна до 5-ти во тековниот месец да ги обезбедува овие средства на 12 еднакви рати. Тука, посебно во член 41 се кажува за она што значи сателитска програма, која што мислам неколку пати ја спомнавме сателитската програма е таа што претставува еден прозор кон светот и која Република Македонија треба да ја негува, затоа што преку неа сме комплетно презентирани во светот. Значи, тоа ќе побарува средстдва кои се надвор од средствата на Буџетот, со кои се предвидени сите овие работи.

Понатаму, друго нешто што со ова го добиваме е правото на одговор и исправка. Значи, секој оној што правото на договор и исправка, мислам дека е точно она што треба да го имаме за секој што ќе биде повикан и има право дас се брани и да го искаже она што мисли дека е вистина. Исто така, постои пристап и заштита на инфомрациите, што значи изворот на информации секој новинар може да го заштити. Во надзорот постигнуваме начин на кој што надзорот го врши Советот и определува неколку санкции и тоа писмена опомена, предупредување со објавување, привремено одземање на дозволата од еден месец, намалување на дозволата за временска вредност од половина и трајно одземање на дозволата. Надзорниот одбор кој што формира советот за радиодифузија со својот надзор ги прави токму овие функции на тој начин го контролира вкупното работење и дивеење на радиостаниците. Со правните и завршните одредби со влегувањето во сила на овој закон, престанува мандатот на членовите на сегашниот состав на советот. Членовите на сегашниот совет не можат да бидат повторно кандидирани во новниот состав. Членовите на сегашниот состав ја вршат функцијата до изборот на нов состав. Со влегувањето на сила на овој закон, престанува мандатот на органите на Македонската радио телевизија, членовите на сегашниот состав на органите кои ќе ја вршат функцијата до изборот на нов состав. Сето тоа, Собранието на Република Македонија односно надлежната собраниска комисија се должни во рок од 30 дена од влегувањето на сила на овој закон, да ја започнат постапката на нов управен и надзорен орган.

Токму поради ова, на крајот би сакале да кажеме дека, да ја нотираме забелешката, дека секоја држава која сака да го задржи предзнакот демократска, води особена грижа за овозможување на оптимални услови за функционирање на радиодифузниот сектор како еден од основните столбови на демократијата. Поради сето ова, сметаме дека не е неопходно донесувањето на нов закон за радиодифузна

дејност, со кој ќе се изврши посеопфатно регулирање на радиодифузниот сектор во Република Македонија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Ние во повеќе наврати до сега разговаравме за потребата од донесување на нов закон за радиодифузија. Само на напоменам дека тоа го направивме кога го разгледувавме извештајот на Македонска радио телевизија, кога зборувавме за извештајот на Советот за радиодифузија и неоспорно сите затсанавме на тој став дека треба да се донесе нов закон за радиодифузија, бидејќи претходниот закон донесен во 1997 година се оценува како исцрпен со сите негови решенија. Минатата недела на 15-ти, значи еден ден пред почетокот на оваа седница, беше презентиран закон за радиодифузија кој беше изработуван под покровителство на Пактот за стабилност и како изработувач се јавуваше Центарот за развој на медиумите. Закон, кој што беше изработуван во претходните 13 месеци, закон кој што беше транспарентно изработуван, каде беа организирани шест јавни дебати, закон кој што требаше да влезе и нормално на 15-ти со неговата презентација, влезе во владина процедура. Тој закон, исто така, ја има и експертизата на Советот на Европа, поволна експертиза. Меѓутоа и покрај сето тоа, на самата презентација беа искажани голем број забелешки на самиот закон. Забелешките беа од повеќе асоцијации и здруженија, кои што се професионални во радиодифузната област, а исто така забелешки на истиот закон има и јавното претпријатие Македонска радио телевизија. Јас сум свесен дека овој закон, новиот закон нема да ги задоволи сите аспирации на сите партиципиенти во радиодифузната сфера. Меѓутоа, на таа презентација беа кажани забелешки во однос на формирањето, кој што не е присутен во тој закон, на Фондот за развој на медиуми. Исто така, третманот на јавните локални радиодифузни друштва и лично јас имам одредени забелешки токму по претходно кажаните забелешки од професионалните асоцијации. Но, тоа не значи ние да не го подржуваме таквиот закон, кој што беше изработуван од голем број партиципиенти, од голем број

професионални асоцијации и здруженија во Република Македонија. Се плашам дека овој закон кој што го предлагаа пратениците, групата пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, може брозо, во една брза и нетранспарентна постапка да доведе до несакани последици доколку се усвои и со тоа да направиме многу поголема грешка. Воедно, се наоѓаме во една непријатна ситуација, бидејќи голем број меѓународни организации и професионални асоцијации и здруженија ја поддржаа изработката на таквиот закон и истите дадоа свој голем придонес во изработката на законот. Во овој момент нема да ги коментирам предлог решенијата од овој закон, кој што го нудат групата пратеници, меѓутоа, би дал еден предлог, а тој предлог е упатен до предлагачите на овој закон да го повлечат нивниот предлог и да се посветиме на усогласување на предлогот кој влезе веќе во владина процедура. Ова го зборувам заеднички интерес и државен интерес, а во понатамошната постапка, каде што Владата на Република Македонија, верувам ќе направи јавни дебати со влегување со собраниска процедура, сите ќе имаме можност а го искажеме нашето мислење, нашиот став по таквиот закон, бидејќи и тој закон е многу поразработен од овој и ќе можеме во секој случај да делуваме со амандмани, доколку некој од предлог решенијата не се соодветни на нашите проценки. Ова го упатувам до групата предлагачи и го задржувам правото, доколку се разбира продолжат дискусиите, да го кажам своето мислење и мислењето на групата, на пратеничката група на СДСМ по конкретното решение.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас очекував дека ценетиот колега Тромбев ќе дискутира и мојот претседател на комисија дека ќе зборуваме точно за овој предлог. За ова што го слушнав, ние го слушаме и претходните 13 месеци и таков закон сеуште не видовме. А, законот беше толку транспарентен, што на самата презентација, сите приватни медиуми ја напуштија презентацијата тотално незадоволни, а исто така и нашата партија беше повикана точно на таа последна јавна расправа и тоа за презентацијата на тој закон, каде што воопшто со одделни заклучоци не се сложивме. Јас сега би можел да образложам што во тој закон не фали и многу

работи што фалат, но една работа што во тој закон се инсистира само на просто мнозинство, ќе не доведе во ситуација, било каков закон што ќе го донесе Владата на Република Македонија да биде прифатлив од страната на позиционото мнозинство. Истото што се случуваше со Републичкиот судски совет, со јавните обвинители и се понатаму во опозицијата се дас биде јавно, но ништо да не се прифати. Мислам дека таква ситуација не можеме да дозволиме. Ова што е добро во одборот во овој закон треба да се каже и мислам дека е многу подобро и тоа што во моментот како во владина процедура е влезено од страна на овој закон што е работен 13 месеци и треба да го разгледаме овој закон. Јас не велам дека е ова нешто иделано, може да претрпи измени, но во однос на она што го нуди и што ќе нуди Владата на Република Македонија врз основа на прецентацијата, мислам дека е многу подобар и поиздржлив како закон.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Тромбев, реплика.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Јас кажав во моето излагање дека апсолутно на самата презентација беа искажани голем број забелешки на таквиот закон. Сега, моето расудување. Ако тој закон, кој што е доста поразработен, доста потранспарентно направен предизвика реакции, какви реакции ќе предизвика ваков закон кој што во некоја скратенса процедура, во некоја нетраспарентност ќе го предложиме и ќе продолжи во понатамошната постапка. Пак кажувам, тој закон доби експертиза, експертите на Советот на Европа дадода зелено светло за таквиот закон. Во понатамошната постапка ние ќе можеме на тој закон да делуваме и апсолутно не е спорно и дека некои одредби од тој закон и мене ми се спорни. Меѓутоа, да оставиме и сите да застанеме зад тој закон и да го надоградиме во заеднички интерес.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, колешки пратеници,

На почетокот на мојата дискусија сакасм да го потенцирам значењето и моќта на медиумите, и нивното влијание врз севкупните процеси во државата, особено во градењето на системот на вредности и не случајно се нарекуваат четврта власт во сите демократски системи, каков ние се определивме да градиме. Четвртата власт, покрај другите три, законодавната, извршната и судската е, еднакво важна во процесите во градење на граѓанско општество. Ова го зборувам од аспект што решавањето на проблемите во сферата на радиодифузијата значително влијае на работењето на електронските медиуми како најмоќен медиум. Не многу одамна во законодавниот дом расправавме за извештајот за работата на радиодифузниот сервис односно Македонската радио телевизија, извештајот за работата на Советот за радиодифузија како регулаторно тело. И, во сите расправи во Собранието на Република Македонија и во комисиите изградивме консензус од сите политички партии за потребата од донесување на нов закон за радиодифузија, за кој што консензус господинот Тромбев зборуваше. Овде сакам да го искажам моето жалење што од 1997 година кога е донесен постојниот закон е изгубено драгоцено време за разрешување и регулирање на состојбите во радиодифузијата. Од сите дискусии до сега, се лоцираа најбитните прашања кои треба да ги регулира овој закон. Ќе потенцирам неколку од нив. Деполитизација, институционално зајакнување на јавниот радиодифузен сервис односно Македонската радио телевизија. Деполитизација и независност на Советот за радиодифузија какко регулаторно тело, јакнење на конкурентноста и поддршка на приватните радиодифузни друштва и колку сето тоа ќе ги чини граѓаните и каков квалитет на содржината ќе се емитува.

На денешната седница предлогот за нов закон за радиодифузија, од група пратеници на ВМРО-ДПМНЕ, меѓу кои и претходниот министерот за транспорт и врски, кој имаше истиот прилика да го подготви во својот мандат, но проектите секогаш не можат да се завршат и помислив дека ВМРО-ДПМНЕ се зафати со изработка на овој закон. Се сомневам во искреноста на намерата на предлагачите, од причини што при ставањето во процедура на овој закон, воопшто не се обидоа да разговараат со другите пратенички групи, а згора на тоа од центарот за развој на медиуми јавно беас обвинети за плагијат на законот, за кој тие работат една година, кој што беше јавно презентиран пред неколку дена. Значи, дел од претходната извршна власт присвојуваше државни пари, сега се случува присвојување на закон од невладина организација. Демагогија и тврдењето дека со укинување на радиодифузната такса се штити џебот на граѓаните, а со предлогот на ВМРО-

ДПМНЕ финансирањето на радиодифузната дејност е од Буџетот на Република Македонија, што значи исто така од граѓаните, но со значајно политичко влијание на Владата на Република Македонија. Дали тоа ВМРО-ДПМНЕ предлага покачување на даноците и од кои ставки на Буџетот мисли тоа да се прави.

Повторно ќе се вратам на прашањата што треба да ги реши овој закон. Ќе потсетам дека Република Македонија ја ратификуваше Конвенцијата за прекугранична телевизија и директивите и препораките на Советот на Европа во функција на хармонизација на домашното законодавство. Од неодамнешната презентација на проектот на Центарот за развој на медиуми поддржан од Пактот за стабилност, кој проект го поминал и филтерот на експертизата на Советот на Европа, и како таков е предложен до Владата на Република Македонија како верзија која треба да се догради  и усогласи со домашното законодавство и која што помина дузина јавни расправи во целиот тој проект од сите професионални здруженија. Ќе ги искажам моите размислувања на оваа тема.

Финансирањето на радиодифузната дејност, треба да биде надвор од Буџетот на Република Македонија, заради деполитизација на сферата и елиминирање на политичко влијание на Владата на Република Македонија врз медиумите. Дефинирање на ослободувањето од плаќање на радиодифузната такса, непокриеност на одредени подрачја со сигнал. социјални случаи и слично. Ова решение е постојно во постојниот закон. Поддршка на развојот на приватните радиодифузни друштва, но не преку Фондот за развој на медиумите, кој е потенцијален извор на корупција, да се изнајдат други модалитети. Максимална деполитизација и независност на јавниот радиодифузен сервис и регулаторното тело, односно Македонската радио телевизија и Советот за радиодифузија. Овде сакам да го потенцирам и решавањето на статусот на локалните јавни радиодифузни друштва, кои треба да се решат или во законот за локална самоуправа, но ослободени од политичко влијание на локалната власт или пак можеби решенија во законот за радиодифузната дејност како дел од јавниот радиодифузен сервис, кое мене лично ми се чини поприфатливо решение имајќи го во предвид значењето на постоењето на независен јавен радидофузен сервис на локално ниво, кое е многуу значајно за развојот на демократските процеси. Третманот на кабловската телевизија односно подвојување на продукцијата и дистрибуцијата. Овде посебно е важно решението во законот за телекомуникации и функционирање на кабелските телевизии како оператори, а не како радиодифузни друштва, бидејќи само дистрибуираат програма.

Апелирам до Владата на Република Македонија да го разгледа проектот на Центарот за развој на медиумите, да го усогласи и да биде доставен во собраниска процедура во пократок рок и апелирам до предлагачите својот предлог да го усогласат заедно со овој проект доколку е тоа можно. Сакам во оваа прилика да го кажам и моето размислување на опасноста од монопол на информациите, не само за електронските медиуми, туку и запишаните и потребата за ограничување на сопственоста над медиумите, со посебен закон за медиуми по примерот на Хрватска, кој неодамна го донесе тој закон, за да се заштитиме од монопол на информациите од финансиските олигархии и политичките моќници. Особено, поделба на сериозен печат и жолт печат, кој што го имаме како проблем во последно време.

На крајот од мојата дискусија ќе кажам дека претпочитам оригинални проекти, го почитувам туѓиот вложен труд и нема да гласам за предлогот на ВМРО-ДПМНЕ. Пратеничката група на ЛДП не го подржува овој закон.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека пред колешката има предлог на закон. Ние и понатаму разговараме за некој закон кој што бил презентиран на некоја седница, која што била пред 10 дена или незнам колку време, Мислам дека овој предлог на закон кој што беше понуден и како пратеници мислам дека требаше да го разгледате. Како прво, тоа што се сомневате во намерите на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ мислам дека е ваш проблем. Предлогот е доставен токму до сите пратеници да го разгледате и токму ова за што зборувате за деполитиација, за независност, за политичките олигарси, да ги немаат тие права, точно со овој закон се нуди таквото решение.

Ако не го видовте, тогаш со ова што го предлага претходниот закон, со вашето парламентарно мнозинство и со 61 пратеник што можете се да изгласате, тогаш и четвртата власт ќе стане ваша. Значи ако сте заинтересирани за независност ќе ве молам да го погледнете сето тоа и ќе ја видите разликата меѓу едното и другото.

Тоа што се грижат за Фондот за поддршка на медиумите, точно е решението што го бараат и приватните радиодистрибутери и радиотелевизиски организации. Значи тоа е решение кое тие го прифаќаат, а вие како право им го одземате. Така што со овие работи, ова со локалната самоуправа воопшто не е предвидено, за тие радија и ТВ кои во моментот функционираат. МРТВ веќе ги укинува тие центри. Во Битола веќе се одземаат средствата, се отпуштаат работници кои работеле низа години наназад. Значи има голем проблем.

Ова што кажувате дека е проблем да се воведе давачка, дека тие пари се многу големи за Буџетот на РМ, вие како пратеничка група и комплетно како позиција дозволивте тука да го изгласаме Бранковиот закон со 32 милиони евра што се многу повеќе од овие 20 и со тоа треба да се вработат 30.000 луѓе. Колку што јас гледам нема вработено ни 2000 луѓе, а се отпуштени 20.000 други од работа. Затоа дајте да бидеме реални и да видиме дека таа наплата на радиодифузната такса се движи меѓу 30 и 40%. Значи само 1/3 од граѓаните на РМ плаќаат радиодивузна такса, што воопшто не е коректно кон нив. Токму во тој правец се овие предлози што ги давам со овој Предлог на закон. Јас ве молам да дискутираме за Предлогот на законот, да не дискутираме за некоја презентација или репрезентација, пред една недела и за нашите намери дали се коректни или не се коректни. Затоа оставам понатаму да дискутираме за овој Предлог на закон и не би сакал да се расплинуваме за нешто што допрва ќе дојде, или воопшто нема да биде претставено тука.

НИКОЛА ПОПОВСКИ;

Има  реплика госпоѓа Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Господине Мавровски јас го прочитав вашиот Предлог на закон и сакам да ви кажам дека деполитизацијата во вашиот Предлог на закон воопшто не е присутна, или е присутна во мал дел, затоа што предлагањето за финансирање од буџет, секако значи политизација односно политичко влијание врз Советот за радиодифузија и врз МРТВ, а ичетвртата власт секако треба да биде независна.

Исто така во вашиот предлог, во Советот за радиодифузија предлагањето е од приватните независни радиодифузери. Тие треба да бидат контролирани. Не може тој што треба да биде контролиран да биде контролор на работата и на содржината на програмата која се емитува.

За Бранковиот закон и трошоците во Буџетот, излеговте надвор од темата за која разговараме. Тоа воопшто не е тема на законот за радиодифузија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Процедурално за збор се јавува господинот Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

На неколку наврати колегите зборуваа за некаков закон кој го подготвува невладина организација и за кој навистина имаше презентација пред неколку дена на која и јас присуствував.

Меѓутоа, во владиното мислење по предложениот закон, воопшто Владата не кажува дека изготвува и дека ќе даде некаков предлог, туку ние денес на дневен ред имаме предлог на група пратеници и да зборуваме за тој закон. Дли Предлогот на невладините организации  ќе биде и предлог на Владата, дали Владата ќе го прифати и измени, или ќе го остави истиот, останува да видиме дополнително. Ние сега дискутираме за предлог на закон на група пратеници и добро ќе беше ако барем министерот беше тука на оваа седница, затоа што сепак пратеници предлагаат закон. Затоа мислам дека тој закон на невладината ортганизација не е предмет од денешната расправа и не треба на него да се повикуваме. Кога ќе дојде како предлог на Владата, тогаш ќе дискутираме по него.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Му благодарам на господинот Мешков. Јас се обидов истото на два пати да го објаснам дека се разговара за Предлог на закон на група пратеници, а колкава е грижата моментално на позицијата, се виде и од она што го кажуваме. По трет пат се изгласа закон каде што ќе има давачка што е вметната неуставно, во делот за наплата на електричната енергија. Ако е тоа она што го чекаме 13 месеци, а ќе ни се случи истото, можеме да чекаме и наредни 13 месеци, ќе имаме проблем. Сега имаме предлог на закон, да видиме што во него е добро, што не е добро и можеме за тоа да дискутираме. За другото, кога ќе дојде редот и кога ќе биде поставено на оваа седница, ќе можеме да разговараме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Јас дадов еден предлог, меѓутоа очигледно пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, т.е. пратениците предлагачи не сакаат да го повлечат нивниот предлог, па затоа, иницирaн од дискусијата на господинот Мавровски само да кажам дека јас ги споредив двата закони и во мојата дискусија ќе ги компарирам двата закони како се определени решенијата во едниот а како во другиот закон.

Меѓутоа, неоспорен е фактот дека со овој закон на некој начин се прави упад во изработката и донесувањето на Законот за радиодифузија што несомнено така се толкува и во јавноста. Тука од господинот Мавровски беше кажано дека Фондот за развој на медиуми е барањето  на асоцијацијата на приватни медиуми и тоа е точно. Меѓутоа, јас кажав дека до овој момент, до 15, Предлог-законот го изработуваше невладина организација. Сега тој веќе е влезен во владина процедура и на Владата останува мериторно да одлучи дали ќе основа таков Фонд што по мое лично мислење треба да се основа.

Исто така и прашањето по однос на јавните локални радиодифузни друштва, што по мое мислење треба да останат во ингеренција на локалната самоуправа. Меѓутоа мораме да кажеме дека во системскиот закон за лолкална самоуправа таа надлежност не и е дадена на локалната самоуправа.

Сега да ги кажам тие компарации што ги воочив во двата закони.

Морам да кажам дека законот кој го изработуваше Центарот за развој на медиуми е доста разработен, што ќе го илустрирам и со одредени  примери, што може да се види од дефинирањето на одредени изрази.

Овој закон што денес се предлага, во член 3 точка 1, дефиницијата што се радиодифузни организации, вели: “радиодифузни организации претставуваат јавни претпријатија, трговски и радиодифузни друштва и непрофитни радија кои обавуваат радиодифузна дејност”.

Во Предлогот на законот во Центарот за развој на медиуми, истиот член 3 точка 1 стои: “радиодифузер е физичко или правно лице кое има уредувачка одговорност за составување на радио односно ТВ програма наменета за прием од страна на општата јавност која самиот ја пренесува, или за него во целост инеизменета ја пренесуваат трети лица”.

Морам да кажам дека дефинирањето на радиодифузерот во законот што е предложен од Центарот за развој на медиуми е многу посеопфатна.

Понатаму, во законот кој е денес на дневен ред има доста терминолошки неусогласености. Ќе наведам само еден пример.

Во самиот текст на законот веднаш се споменува Фонд за подддршка на медиумите и може да го проверат во член 59 и 61, додека во ;лен 138 се споменува Фонд за развој на медиумите. Сега треба да знаеме дали е тој фонд за поддршка или Фонд за развој на медиумите, бидејќи двата изрази имаат различно значење.

Во законот на Центарот за развој на медиумите посоодветно имплементирани се директивите и конвенциите на Советот на Европа, а исто така разработена е и јурисдикцијата на нашата држава во однос на радиодифузната дејност.

Морам тука да кажам дека законот кој е предложен денес на дневен ред е доста конфузен и декларативен. Пример за конфузност на законот е на два пати дефинирањето што е тоа кабелски дистрибутер,

Во член 3 точка 2 стои: “кабелски дистрибутер е правно лице сопственик на кабловската - телекомуникациска мрежа која по жичен или безжичен пат врши реемитување на домашни и странски ТВ и радио програми”, додека во член 7 стои “организација која дистрибуира радио и ТВ програма и други телекомуникациски услуги, согласно Законот за телекомуникација, преку кабелска мрежа, се нарекува кабелскки дистрибутер”. Мене не ми е јасно која од овие дефгиниции е валидна. Треба да има една дефиниција.

Пример на декларативност може да биде и член 9 и член 10. Ќе го илустрирам член 9 кој комотно може да биде преамбула на законот а во кој се вели: “Република Македонија се грижи за соџдавање општи услови за работа, и развој на субјектите во радиодифузна дејност и за развој на дејноста за зачувување и развој на плурализмот, преку усвојување на мерки за директна и индиректна поддршка на медиумите, за поттикнување на продукцијата на разновидни квалитетни програмски содржини и за обезбедување услови за развој на техничката инфраструктура преку која се емитуваат или дистрибуираат радио и ТВ програми.

Ние исто така имаме и мислење од Владата во кое се укажува дека предложениот закон е во колизија и со други сродни закони со кои се обавува оваа дејност, како што се Законот за телекомуникации и Законот за концесии, Законот за трговски друштва, Законот за јавни претпријатија, Законот за основање на МРТВ. Тука морам да нагласам дека сите овие закони мора да бидат комплементарни и

компатибилни со Законот за радиодифузија, со што би добиле еден многу поефективен закој кој досега го немавме.

Морам  да нагласам дека во двата закони има многу идентични членови што значи дека во одредена фаза на изработката на таквиот закон е произлезено денешното решение на групата пдредлагачи. Еве да кажам по членови. Потполно идентични се членовите 4,5,7, 19, 34, 102, 103, 104, 150, 151.

Главното разидување во двата закони се однесува на финансирањето, изворот на Советот за радиодифузија, Фондот за поддршка на медиумите за кои што еве и јас давам јавна поддршка, изборот на управниот одбор т.е. надзорниот одбор на јавното претпријатие МРТВ.

Во член 136 став 1 точка 3 од Деловникот на Собранието, за потребни финансиски средства, ќе го прочитам самиот дел од Деловникот. Во самиот закон треба да се нагласат потребните средства што во нивниот предлог не се нагласени или тој член на Деловникот гласи: “износ на финансиски средства потребни за спроведување на Законот и начинот на нивното обезбедување, како и одатоци за тоа али спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти”.

Во овој предлог на закон нема точна сума колку се тие потребни средства, но се тврди дека може да се обезбедат од внатрешни резерви од буџетот, а тоа не е можно, бидејќи со ваков рестриктивен буџет треба да наведат кој данок треба да се зголеми. Инаку друга шанса нема.

Во однос на пласираните информации дека собирањето на радиодифузната такса е 30 до 40%, некогаш беше кажано и 42%,можам да кажам дека последните согледувања укажуваа дека до деветомесечието се собрани 51,5% од радиодифузната такс, со малку поголема дисциплина, особено на шалтерите на Електродистрибуцијс.

Во образложението на законот е констатирано дека постои голем простор за злоупотреби и директно политичко влијание во сферата на радиодифузијата, што е факт. Тоа може да се види во самото образложение. Акло е тоа така зошто овој закон не беше предложен минатата година, туку сега. Претпоставувам дека тогашната владеачка партија не сакаше да се откаже од политичкото влијание. Затоа сметаме дека овој предлог-законт има политичка обоеност, а оваа Валда сега ќе се откаже од оваа бенифиција во име на општиот интерес, т.е. на државнит еинтереси.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас сум изненаден од начинот на кој ценетиот господин Тромбев дискутира.

Тука не станува збор за никакбва компарација. Не знам ние што компарираме и што на пратениците им се нуди овде компарација кога пред вас имате еден единствен закон предложен од предавачите, пратеници на ВМРО-ДПМНЕ. колку што јас знам, но владина органјизација не може да биде предлагач на закон. Владата кога ќе го обработи, кога ќе му биде доставен за анализа и разговор на некоја од наредните седници. Кога чекавме 13 месеци, јас кажав можеме да чекаме уште 36 месеци. Тоа не е правило.

Господинот Тромбев, сите забелешки што ги има, мислам имаше време амандмански да интервенира. Но во случајов тука да слушаме 15 миниту разни компарации, меѓу два закни д кои едниот никој од вас не го знае, претпоставувам барем 90% не го знаат, мислам дека е апсурдна ситуација.

За разните радиодифузни друштва и јас се согласувам, но законот за локална самоуправа сеуште не е донесене, така што може да се интервенира во тој закон и да ги добие ингеренциите за овие локални радиодифузни друштва.

Рековте дека во буџетот не се интервенира, но гледам дека наеднаш се најдоа средства и за тетовски универзитет, се најода и за  Бранковиот закон. Значи ако се сака резерви, секогаш можат да се најдат.

Тоа што рековте 51,5% плаЌаат, повторно значи половината од граѓаните на РМ ќе плаќаат.Сега со ова што го донесовме последниот закон, не уставно, ќе плаќаат луѓето и за шталите, како а имаат телевизија, а наплатата ќе се зголеми уште повеќе.

За политичкото влијание кој кога ќе го донесе законот, мислам дека политичкото влијание врз мљедиумите беше очигледно за изборите, видовме како се заврши со тоа. Значи да не сборуваме за четвртата власт кој како и за кого. Тоа е закон кој и за вас и за нас во наредниот период ќе донесе нешто што ќе биде раално и објективно за понатамошното политичко дејствување на сите политички субјекти во РМ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собраниетио му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлоготѕ за донесвуање на закон за радиодифузната дејност.

Ве повикувм да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 22 гласале за.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Со тоа и четвртата точка ја затвараме.

Минуваме на петтата точка од дневниот ред - **Предог за донесување на закон за радификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија, за социјално осигурување, со Предлог на закон**.

Предлогот  за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно подлени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Томиќ.

ЗОРАН ГОМИЌ:

Би сакал јавно да искажам една голема благодарност на Владата на РМ за склучување на овој договор. Ова го кажав и на комисијата.

Станува збор за меѓународен договор кој одамна недостигаше, за практична примена, особено што знаеме дека голем број на наши државјани се на време работа во странство, токму во СР Германија, каде останаа да се применуваат старите одредби од југословенското законодавство, што морам да признам дека во практиката предизвиуваат големи проблеми.

Меѓутоа, сите овие работи се невозможни ако не сме во состојба и ние и регионот и пошироко  на Владата на  Република Македонија  беше благовремена на 8 јули 2003 година беше потпишан токму овој Договор и истиот морам да кажам дека во целост го подржувам. Единствено што замерам и тоа  јавно сакам да го кажам е што во завршниот протокол кон Договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија не достасуваат незнам од кои причини, можеби Министерството за труд и социјална политика тука требаше да обрне поголемо внимание за дополнително рударско осигурување и старосното осигурување на земјоделците. Мислам дека и овие две категории навистина би требало да се најдат

токму во овој Договор, или во некоја од измените  кои би следеле помеѓу двете влади. И истовремено укажувам дека по кој знае  кој пат мислам дека недоволно се прави преводот и  би сакал претставникот на Владата навистина да обрне внимание во наредниот период, бидејки користење на термини како што се самоуправни органи кои не постојат ниту во терминологијата на  Република Македонија , а уште помалку во Сојузна Република Германија, мислам дека се навистина непотребни. И би апелирал во иднина да се обрне поголемо внимание токму на овие детали.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, Комисијата за надворешни работи го разгледа овој предлог закон и дојде до становиште дека законот е од полза за граѓаните од Македонија и како таков го подржува и препорачува истиот да се донесе. Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека треба да и препорача на Владата и други такви закони да донесува, од таков вид каде што има македонски државјани на работа , како за Шведска, Полска, доколку не се донесени досега такви закони.

АДНАН ЈАШАРИ:

Јас ве поздравувам и ќе се придружам на претходните двајца соговорници алудирајки со тоа  дека овој Предлог закон со кој се ратификува договорот во областа на социјалата меѓу двете држави  Република Македонија  и Сојузна Република Германија е за поздравување, особено кога се има во предвид еден факт дека на териториите на двете држави, а особено на територијата на Сојузна Република Германија еден голем број на државјани на Македонија се на работа и токму тоа е основната причина овој закон за ратификација на овој договор треба да се подржи и да се прифати. Ние како парламентарна група ќе се придружиме на донесувањето на овој закон. Како што е познато во сферата на социјалата се опфаќаат неколку прашања кои што се однесуваат не само со здравственото осигурување, туку и со пензиско-инвалидското осигурување. Оваа спогодба со која се регулирани сите овие прашања се однесуваат не само на носителите на овие осигурувања, туку и на членовите на нивните семејства. Заради тоа како што беше речено претходно јас уште еднаш ќе повторам дека ние како апрламентарна група ќе гласаме за и во овој правец, во оваа насока го поздравуваме предлагачот.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, договорот за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и Сојузна Република Германија е најфрекфентниот така да кажам договор во оваа сфера од 18-те договори за социјално осигурување што ги имаше склучено Југославија. Значи задачата наша беше и што јас неколку пати укажував што е можно побрзо постојните 18 договори за социјално осигурување во која една од договарачите е Југославија да се прилагоди на новонастанатата ситуација, односно наместо “Југославија”, да стои “ Република Македонија што сега и конкретно со овој договор се чини. За жал овој процес трае многу долго и ова не е ниту нов закон, ниту нов договор, туку е само усогласување на постојниот Закон и менвуање на одредени термини. Инаку самата негова содржина и пред ратификацијата се применува во фондовите и во делот на детската заштита и во делот на здравството и на ПИО . За жал во решенијата, односно во неговата примена сеуште до ден денес пред ратификацијата стои Југославија. Затоа требаше овој процес да заврши многу порано. И добро е што овој најфрекфентен договор најпосле се ратификува за да може договорни страни покрај Германија да биде и Република Македонија. Дека тој договор постои, дека се применува е факт и она што колегата Томиќ го кажа, стои: самоуправни органи. Што значи дека некои одредби од стариот Договор просто се само препишани и пренесени, бидејки не постоеше тој договор во своето практично делување се покажа како добар, не произведуваше никакви проблеми во решавањето на правата од социјалната сфера. И затоа велам дека ова е само негово конкретно усогласување. Мислам, ако не се лажам од 18-те договори со Југославија , овој е осми , или деветти, остануваат уште десетина договори не завршени кои треба во најскоро време да бидат завршени за да службите кои ги решаваат правата од социјалната сфера да не се среќаваат со термини на држави и други кои што денеска веќе не постојат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за социјално осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници. Сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собраието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме?

Гласале 71 пратеник. Сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор по текстот на законот? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници. Сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот меѓу македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за социјално осигурување.

Минуваме на точката 6- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за спречување на перење пари.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени и поделени.

Во меѓувреме Ви е доставен исправниот текст на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење на пари кој не отстапува од првобитниот текст освен во неколку технички детали кои не влијаат воопшто на текстот, а се работи и за Предлог за донесување на закон во прва фаза и затоа можеме да работиме по овој накнадно доставен текст.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Димко Кокаровски, заменик министер за финансии.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, пред вас за дискусија е законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари, како индикативен инстумент кој Владата на Република Македонија го развива во рамките на својата цврста определба и волја за борба против организираниот криминал. Во август 2001 година Собранието на Република Македонија за прв пат го донесе Законот за спречување на перење на пари како рамка во превенција на перењето на пари. Право и должност на врз закон формираната дирекција за спречување на перење на пари е да го спречи влевањето на валкани пари во легалните финансиски канали и да постави брана пред целокупниот економски систем од негативниот ефект на ерозии. Дирекцијата дејствува како посредник помеѓу приватниот сектор од една страна и Министерството за внатрешни работи и Обвинителството од друга страна. Во своето работење од еднаипол година Дирекцијата има примено 27 789 извештаи од банките за редовни трансакции над 20 илјади евра. 1772 извештаи од Царинската управа, 4 од осигурителни компании, 5 од штедилници, 2 од менувачници, 28 извештаи од сомнителни трансакции. Детална анализа е спроведена на 65 предмети при што 6 се комплетирани и испратени до МВР, а резултатите од работењето на Дирекцијата се поставени во зависност од соработката со МВР, Народната банка на Република Македонија , Јавното обвинителство и судовите. Дирекцијата македонската финансиска известувачка единица е членка на Комитетот на експерти за еволуација на мерките за спречување на перење на пари при Советот на Европа и е во процес на зачленување кон Егмонд групата, меѓународна организација на финансиски известувачки единици. Транснационалниот карактер на перењето на пари ја наметна потребата од меѓународна размена на доверливи податоци и информации од каде произлезе и потпишувањето на писма за размена во доверливи информации со Република Словенија, Република Хрватска, Република Бугарија, Република Србија и Црна Гора и Швајцарија. Спогодбата за стабилизација и асоцијација која Република Македонија ја потпиша 2000 година, ја наметна основната причина за донесување на овој закон и неопходноста за негово усогласување со прописите, содржани во Конвенцијата на организацијата на Обединети нации против транснационалниот криминал од 2000 година, таа е Конвенцијата во Палерма. Дитективата на Европската Унија за спречување на користењето на финансискиот систем со цел перење пари и препораките на оперативна група за финансиски дејствија на перење пари Фатаф. Практиката покажа дека слаби страни на Дирекција се нејзината

недоволна екипираност, непостоење на субистицирана техничка опрема за прием, обработка и анализа на податоците од финансиските институции како и утврдените празнини во Законот за спречување на перење пари која го применува. Предложените законски решенија прилагодени на европското законодавство, својата имплементација ја остваруваат само на цврста и сигурна институционална основа. Од друга страна предложените измени се во линија на утврдената политика на Владата за рационализација на државните органи и зголемување на нивната оперативна ефикасност.

Господа пратеници, законот поставен пред вас за дискусија во добар дел врши редефинирање на одредени поими, заради нивно усогласување со поимите од други закони и веќе споменатите меѓународни конвенции и препораки. Со овој закон целокупните права и обврски во полето на спречување и откривање и перење на пари преминуваат во надлежност на финансиската полиција како орган задолжен за борба против сит еоблици на финансискиот криминал. Формираната финансиска полиција, покрај должностите утврдени во законот за финансиска полиција ќе има активна и одговорна улога во реализирање и административни мерки, покренување на претходни проверки и истраги заради откривање на перење пари и други приноси од казливи дела, потрага по приноси од казливи дела и покренвуање на постапка пред судовите за казнено гонење на сторителите на овој вид на финансиски криминал. Заради откривање и спречување на перење на пари, финансиската полиција ќе остварува соработка со Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, Народната банка на Република Македонија и други државни органи и меѓународни институции за борба против перењето на пари. За резултатите од својата работа финансиската полиција ќе доставува годишен извештај до Владата и најмалку еднаш годишно ќе објавува статистички податоци за перење на пари и ќе ја информира јавноста за различните облици на таквата активност. Законот ги забранува готовинските плаќања во износ над 900 илјади денари што не се вршат преку финансиска институција, со намера да се натераат клиентите да ги вршат трансакциите само преку финанссиски институции за да може да се активираат инстументите за спречување на перење на пари. Тежиштето на оваа забрана не се однесува само на клиентите , туку и на надлежните органи што вршат регистрација односно легализација на овие трансакции.

Владата во борба против организираниот криминал и тероризмот со измените на овој закон предвидува блокирање, задржување на сите трансакции за кои постои сомневање дека се поврзани со терористичка активност на клиентот или

пак парите се предмет на трансакција се наменети за финансирање на терористичката активнсот. Со контрола на финансиските фондови, на осоминичените терористи и криминални оргаизации на меѓународен план , Република Македонија активно да се вклучи во борбата против меѓународниот тероризам ,зошто таа контрола ги осујетува и осудува на неуспех терористичките планови. Заради доследна примена на одредбите од меѓународните Конвенции, во измените предвидени се две привремени мерки, запирање на трансакцијата и привремена заплена на парите или имотот што се нејзин предмет. Овие мерки ги определува судот во кратки рокови, заради нивна чувствителност и заради засегање во правата и материјалните интереси на клиентите. За да се обезбедат средства до завршување на судскиот процес и нивно конечно запленување се предвидени овие мерки, а и да се спречи понатамошната циркулација на валканите пари.

Ценети пратеници, Владата верува дека предложените измени во регулативата за спречување на перење на пари, дефинитивно ќе доведат до позитивен пресврт во борба против организираниот криминал. Затоа ви препорачувам во денешната расправа, како прва фаза и во наредната завршната фаза да ги усвоиме овие измени и дополнувања на законот за спречување на перење на пари.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Кокаровски, господин Јордановски за збор се јави.

ЉУБОМИР ЈОРДАНОВСКИ:

Почитуван претседател, членови на Влада, колеги пратеници,

Велат ако има што да кажеш , доволни се неколку минути, а ако не тогаш ни повеќе саати не се доволни. Јас во принцип се слагам со една ваква констатација , но секое правило има и свои исклучоци. Би ве замолил денеска да бидам тој исклучок, нема да бидам претерано долг , но нема да бидам ни краток. Оставам на вас колеги пратеници, како и на јавноста да оцени дали исклучокот ќе биде користен или не.Имнео, од кои причини го велам претходното.

Почитувани пратеници, законот за кој расправаме, барем за мене е класичен пример кој ни дава доволно материјал да го анализираме на три нивоа и тоа: на суштинско, квалитативно, на норамтивно, формало-легислативниот аспект и

на методолошко ниво, процедуралните фази, начинот на кој се доаѓа до предлог на закон и како ни се предлага. Трите фази ги подредив по нивната важност, иако некој можда поинаку би го направил редоследот. Но да почнам со анализа на првото ниво.

Суштината на еден закон секако се состои од квалитетот на понудените решенија искажани преку членовите на законот, кои треба јасно и прецизно да ја регулираат односно нормираат проблематиката со која се занимава законот Притоа треба да бидат во насока на поголема заштита на слободите и правата на граѓаните и на сите оние кои активно учествуваа во сите сфери на општественото живеење.

Ова што сега го кажав е форма што најчесто ја слушаме на разни округли маси, дебатни емисии, изјави и интервјуа, но некако не допира до нас. Но, ако се ослободите од формалниот јазик, тогаш може да се констатира следново: државата во голем дел на своите функции има репресивен карактер. Секој закон, во својата суштина има за цел да регулира одредени односи и да санкционира одредени појави преку дифинирање правила на игра што генерално се ограничувачки и да определи казнени мерки во случај на непочитување на тие правила.

Ова, всушност, произлегува од познатата максима дека мојата слобода е дефинирана со слободата на другиот, односно моите права се ограничени со правата на другиот. Ако го имаме предвид ова јасно е дека особено чувствителни свери од животот кога треба законски да се регулираат, бараат посебен пристап и квалитетни решенија. Еден од таквите закони е и законот за борба против перење на пари.

Не треба голема елаборација за да се докаже дека финансиската свера е една од најчувствителните области на секојдневното живеење, или, со едноставен јазик кажано парите се алфа и омега на сé. Доволно е само да се цитираат неколку народни искуствени поговорки, како на пример “ја нема таа порта што со пари не може да се отвори”, “секој има своја цена во прашање е само износот”, “во сиромашни земји тешко се гради демократско општество на слободни граѓани” итн итн.

Консеквентно на овие искуствени и докажани факти јасно е дека оној кој ги контролира тековите на парите и сите други финансиски трансакции е господар ако сакате на животот и смртта.

Анализирајќи го предложениот закон од тој аспект се плашам дека подносителите на законот за борба против перење на пари не биле сосема свесни

за тежината и чувствителноста на материјата и ни нудат материја закон што остава непријатно чувство дека власта сака да спроведе, ако не тотална, тогаш барем сеопфатна контрола на сите парични и финансиски текови под превезот на борбата против перење на пари и борба против финансирање на тероризмот.

Јас секако го разбирам пристапот да учиме од своите лични искуства и фактот дека во изминатиот период милиони и милиони евра беа испрани со купување на фирми и претпријатија, банки од страна на некои си офшор фирми, но тоа не значи ако сме се изгореле на млекото дека ја изгубивме способноста да разликуваме што е млеко, а што е јогурт. А, посебно да не знаеме да правиме разлика меѓу млекото и млечните производи. Тоа би била моја првична оценка за овој закон. Но, да тргнеме по ред и со аргументите, моите аргументи не мора да се и точни.

Почитувани пратеници,

Измените и дополнувањата на постојниот закон, како што самите предлагачи напомнуваат произлегуваат од неопходноста за негово усогласување со прописите содржани во релевантните меѓународни документи и потоа се набројуваат сите документи, како и 40-те препораки ФАТФ за борба против перење на пари. Логично е да се претпостави дека усогласувањето или како е сега модерно да се каже хармонизација на законот се воспоставуваат одредени технички корекции, бидејќи имавме ние таков закон, и кога го добивме овој закон со дополни и изменувања, мојата прва претпоставка беше дека тука мора да се направат некои усогласувања, посебно после 11 септември околу борбата против тероризмот и финансирање на тероризмот. Но, добивме закон што има суштествени, квалитативни промени.

Со овие измени се прават длабински дефинирања и измени што квалитетно го менуваат законот. Една од тие измени е и укинувањето на дирекцијата за перење на пари. Таа, со измените, комплетно се укинува и сите работи и надлежности се префрлаат во рацете на финансиската полиција. Дали ова решение е добро? Најодговорно тврдам дека не е и тоа не само што не е добро решение туку не е во согласност со меѓународните стандарди и препораки, иако овде од страна на заменикот на министерот за финансии е речено дека се усогласени.

Имено, зошто го велам тоа? Светот, во пракса, вогласно познава три модели на финансиско - истражни органи, па да го наречеме ФИО, во нашиот случај тоа е Дирекцијата или сега финансиската полиција, тоа е административен, како што е во стариот закон, полициско истражен како што сега се предлага и во рамките на

јуриздикционите органи односно обвинителства. Во крајна линија овие препораки и со ниту еден закон не сме лимитирани ние да прифатиме еден конкретен модел. Но, сметам дека измената на законот и укинувањето на дирекцијата е чекор наназад. Зошто, повторно се поставува прашањето?

Прво, не е во склад со меѓународните стандарди и препораки. Имено, во воведниот дел на законот под римско два со наслов Причини за донесување на законот, некаде при крај на првиот пасус, стои цитирам: “Иако се сметаат за основни стандарди во борба против перењето пари, препораките на ФАТФ немаат задолжителна правна сила од аспект на меѓународното право, но дел од нив се вградени во одредбите на постоечките конвенции за спречување на перење пари и својата сила и авторитет ја црпат од поддршката и практичната имплементација од страна на земјите членки”. Завршен цитат.

Овој цитат секако треба да не увери дека предложените измени се во согласност со меѓународните препораки иако самиот цитат е доста двосмислен, бидејќи во својот прв дел каде што се вели - меѓународните препораки немаат задолжителна правна сила - од нив може да се црпат аргументите против оние кои мислат дека законот не е комплетен и целосно хармонизиран, а во вториот дел каде што се констатира дека основните стандарди сепак се вградени во меѓународните конвенции и практично се имплементираат од страна на други државни членки, може да се црпат аргументи против оние кои немаат симпатии кон тотална имплементација на меѓународните стандарди или барем мислат дека моментално не ни одговараат.

Оваква еспликација едноставно мами да се посериозно и подлабоко навлезе во аргументите на предлагачот внимателно анализирајќи го секој член за да се увериме колку добро, намерно велам добро, а не колку многу, со овој закон се хармонизираме. Резултатот, по мое лично, не ни е разочарувачки. Иако во многу членови кои воглавно се врши одредено техничко допрецизирање ние ги исполнуваме препораките сепак во еден член, членот со кој се укинува Дирекцијата за перење на пари како самостојна институција, ние сме далеку од квалитативно и суштинско хармонизирање.

А кои се аргументите? Не знам дали изготвувачите на Предлог законот слушнале за ЕГМОНТ групата откако го слушнав излагањето, знам и дека слушнале, но лесно може да се најде нивната, ова го велам бидејќи никаде во образложението не спомнав дека и ЕГМОНТ групата е една од битните такви асоцијации кои што фактички конкретно и практично работат на ова поле, но лесно може да се најде

нивната веб страница на интернер, а и самите 40 препораки на ФАТФ упатуваат на неа. За информација за оние кои не знаат, тоа е едно тело со 84 членки формирано од страна на Европската унија со цел за координација, едукација и изготвување на стандарди и форми за практична имплементација на препораките за борба против перење на пари. Членството во оваа група ве класифицира и верифицира како земја која навистина со сето своја сериозност е посветена на борбата против перење на пари и борбата притив финансирањето на тероризмот.

Една од нивните препораки е постоење на независно тело за борба против перење на пари. Ова инсистирање е сосема разбирливо. Имено, перењето на пари е во својот најголем дел и со меѓународно обележје. Тесна интензивна соработка како и размена на информации на меѓународно ниво не е само потреба, туку и нужда. Но бидејќи финансиите т.е. парите се многу чувствителна материја не сум премногу убеден дека Меѓународната заедница ќе биде многу среќна информациите да ги разменува со некаков сектор кој потоа ќе ги проследува до повисоко второ ниво, на пример директорот на финансиската полиција, а тој самиот до министерот за финансии, а јас би рекол и до заменикот, државен секретар итн. итн. Тоа е така бидејќи во законот, овој закон, овие работи не се уредени па логично е да се претпостави дека ќе важи принципот во Министерството, принципот на хиерархијата.

Повеќестепено проследување на информациите како и можност на повеќе личности да пристапат до нив, отвора и поголеми можности да информациите истечат надвор и да се злоупотребат и да се искористат. Но ваков сомнеж и страв не е само присутен кај меѓународниот фактор, туку тоа писебно ќе биде изразено дома, кај нас имајќи го предвид горчливото искуство со злоупотребата на власта или поблаго кажано со дискреционите права на власта што беа практицирани наназад. Затоа, во многу земји административниот модел, оној што го имаме досега, независни агенции или дирекции се користи за да се избегне сомнежот и недовербата кај субјектите, ова субјекти е земено од Законот како дефиниција, а посебно кај оние приватните да директно ги пријавуваат сомнителните трансакции, а притоа да не се плашат да се откријат или пробијат нивните легални и законски а истовремено и доверливи информации. Таквите решенија на независни тела ги имаат сите наши соседи со кои што често се споредуваме: Србија, Бугарија, Албанија, Хрватска, Словенија.

Затоа, слободно можам да констатирам дека ќе ни треба голем преговарачки талент и способност за да станеме членови на ЕГМОНТ групата и со

тоа, како што порано напомнав се квалифицираме во групата на оние земји кои сериозно и одговорно се нафатиле во борбата против перење на пари и против финансирање на тероризмот.

Исто така, ако се прочитаат 40-те препораки на ФАТФ, во 26-тата препорака, во форма на нејзината интерпретација, односно дообјаснување стои следново, цитирам: “Ако државата има формирано единица против перење на пари, таа треба да аплицира за членство во ЕГМОНТ групата. Во тој случај земјите треба да ги земат предвид препораките на ова меѓународно тело, особено во врска со размена на информации и податоци на меѓународно ниво, а во врска со перењето пари и финансирањето на туризмот”. Мислам дека оваа препорака е сосема јасна за оние кои знаат и сакаат да читаат во правата смисла на зборот и правото значење.

Со обични зборови кажано ние мораме да бидеме членови на ЕГМОНТ групата, а со тоа да ги исполниме нивните препораки, бидејќи во спротивно ќе бидеме третирани како црна дупка.

Но, кога сме веќе кај читање препораки, еве како гласи 30-тата препорака, цитирам: “Државите треба да им обезбедат на официјалните претставници кои се вклучени во борбата против перење на пари и борбата против финансирање на тероризмот адекватни и задоволителни финансиски човечки и технички ресурси. Државата треба да изгради систем со кој ќе им се обезбеди на претставниците, вработените во ова тело висок степен на интегритет”. На ова, мојот коментар би бил - кое е посилно орудие за обезбедување на висок степен на интегритет освен ако не независноста?

Но, да ја оставиме меѓународната заедница и да погледнеме дали овој закон е прифатлив за нас самите и дали тој навистина обезбедува солидна основа и правна рамка за борба против перењето пари, а да притоа не создава сомнеж дека истиот може да биде злоупотребуван?

За да се одговори на ова прашање, мислам дека прво треба да се одговори на прашањето - Зошто е укината Дирекцијијата за перење на пари? Слушнавме во излагањето на предлагачот дека една од причините е таа што таа група не била доволно финансиски екипирана, човечки екипирана. Мислам дека тоа не е аргумент. Напротив. Оваа Влада, новата Влада требаше, ако тоа претходната Владата не го направила или го направила само заради форма да имаме такво тело, оваа Влада требаше да обезбеди средства или да ја зајакне таа Дирекција за перење на пари.

Со Образложението на Законот се вели цитирам: “Со измена на членот 5 се врши реорганизација на постојната Дирекција и истата се трансформира во Сектор во состав на финансиската полиција”. Се зборува за укинување на Дирекцијата, а во самиот закон нема никаква трага од спомнување на Сектор. Ова што го читам, го читам од Образложението, е комплетна недоследност меѓу Законот и Образложението. “Со вака редефинираните надлежности Секторот во состав на финансиската полиција ќе има активна улога во покренување на претходните проверки, откривање на перење на пари и други приноси од казниви дела, потрага по самите приноси од такви дела и преземање на одредени административни мерки со цел за спречување на такви трансакции, како и иницијатива за покренување на постапки за казнено гонење на сторителите на делата”.

За да се одговори на претходно поставеното прашање - зошто е укината Дирекцијата, претпоставувам дека ова образложение треба да се чита инвертирано. Односно, сето она што предлагачот на законот се надева дека Секторо, со новата поставеност ќе работи, Дирекцијата не го правела тоа. И, наместо нам, на пратениците да ни се понуди анализа зошто е потребно да се трансформира Дирекцијата и дали воопшто има потреба од таков потез и, наместо нам, на пратениците да ни се даде анализа за причините на досегашните слаби резултати на Дирекцијата, истите проблеми и прижини да ги разрешат заради нејзиното поуспешно работење, ние добиваме закон со кој истата се укинува иако е по меѓународни стандарди, а и сите ние знаеме дека еден независен оргна, како што е Дирекцијата е подобро решение од Сектор во рамките на финансиската полиција односно Министерството, односно Владата, односно најгенерално кажано под контрола на власта.

За да иронијата биде поголема, во образложението се зборува за трансформација од Дирекција во Сектор, а во законот ниту збор за сектор, туку едноставно со невидена леснотија, во членот 34-б се вели дека Дирекцијата се укинува и толку. Од каде, почитувани пратеници оваа суштинска разлика, а јас би рекол и колизија помеѓу Образложението и самиот закон. Дали е во прашање неспособноста и незнаењето на стручните служби во Министерството? Дали е во прашање неодговорниот однос на првите луѓе во Министерството? Ако е првото, тогаш проблем има министерот. Ако е второто, тогаш проблем има премиерот, целата Влада, а со нив и ние пратениците од позицијата.

Но, недоследноста и спротивставеноста на понудените измени со образложението открива и нешто друго. Имено, можно е и тоа многу можно да во

првите размислувања Дирекцијата требала да биде трансформирана во Сектор во рамките на финансиската полиција со одредена самостојност, но во текот на постапката се отстапило од таквата идеа и конечно се понудило решение што е пред нас. Но, за несреќа не е извршена конечна редакција на образложението во согласност со измените во законот.

Затоа, пожитувани граѓани, сметам дека тука не станува збор за проста трансформација на едно тело во друго или технички усогласувања. Тука, почитувани пратеници, станува збор за концепт. Нормално е да секоја влада или власт има право да спроведува свој концепт на решавање на определени проблеми. Нормално е да тие концепти бидат имплементирани во форма на закони. Но, исто така е нормално да прашаме и ако сакате да дискутираме, да се изјасниме дали концептот е добар или не.

Секако, ја прифаќам почетната констатација дека сите закони се носат со цел да се подобрат нештата. Со други зборови никој не предлага закони со задна намера. Но, дали тоа ја исклужува можноста за злоупотреба на законите? Секако, не ја исклужува. Имаме милион такви примери. Е, овој закон е полн со такви елементи што овозможуваат злоупотреба на овластувањата, или популарно кажано дискрециони права. И, тоа ќе го аргументирам.

Но, како прво да го посочам најголемиот дефект на понуденото решение. Тоа е, секако, спојување на надлежностите на прибирање и следење на инкриминираните работи со надлежности што значат реализација на санкции, односно во конкретниов случај стопирање на трансакции.

Дали е тука можна злоупотреба? На ова прашање јас би одговорил со една хипотетичка ситуација. Сите знаеме дека пред десетина дена Обвинителството ги одби поднесените пријави против висок партиски и владин функционер на претходната власт. Замислете каков би бил крајниот исход ако полицијата, покрај прибирање на докази, имаше законско право и да го процесуира кривичните пријави. Јас знам за еден, што би се случило во еден случај. А, тоа е дека ВМРО-ДПМНЕ би била ускратена со една Прес конференција на која би ја нападнал актуелната власт дека не ја известила јавноста за отфрлање на кривичните пријави, како што известувало кога биле поднесувани, наместо да му искажат признание на Обвинителството за нивната независтност.

Можеби некој ќе смета дека сум преголем песимист, па ако сакате и параноичен. Можеби е така. Но, како што се вели - песимистот е само добро информиран оптимист.

Дека сепак има основ за сомнеж, да ја погледаме измената на член 28 која гласи: "Ако извештајот за сомнителната трансакција не содржи доволно елементи за утврдување на основи на сомневање за перење на пари и други приноси од казниво дело, финансиската полиција врз основа на член 22 став 2 може од субјектот да побара и други дополнителни податоци," што таму се набројуваат. Овој член, во слободна интерпретација, а јас би рекол и во пракса значи дека нема да се служи некој да биде ослободен поради немање на доволно аргументи, бидејќи не верувам дека немање на доволни елементи, вака како што е поставено, во рамките на финансиската полиција ќе биде некогаш интерпретирано и како немање на никакви елементи. Или, подрастично кажано, овој член овозможува да сомнежот значи и кривица.

Но, со постоење на независно тело ваквите можни изненадувања би можеле да бидат избегнати. На ова некој би можел да одговори со контра аргумент т.е. дека независното тело може да не покрене постапка за собирање на докази при постоење на сомнеж или пак да не ги собере доволно.

Јас сум приврзаник на максимата, подобро десетина кривци на слобода, отколку еден невин во затвор. Посебно во случај на овој закон, бидејќи една неправилност, запрена трансакција, може да значи губење на бизнисот или губење на предноста, а за што можеби субјектот потрошил време и пари во припремниот период. И ситуацијата да биде полоша во Законот никаде не постои член со кои државата би одговарала за нанесените штети при неосновано стопирање на тансакции.

Втората фалинка на овој закон е проширувањето на листата на субјекти кои имаат законска обврска за прибирање, чување и приготвување на податоци и информации, до финансиската полиција. Така со дополнувањето на членот 3 таа обврска има други организации, политички партии и зддруженија на граѓани и фондации врз основа на законот. И како што му реков на г-динот Шапуриќ дека ќе го спомнам одговорот може слободно да го повлече својот закон за финансирање на партии бидејќи ова е веќе доста голема по мене контрола и работа за партиите од аспект на нивната финансиска работа. И не само тоа преку поимот на врзана трансаскција која е определена на една година, сите ние како поединци можеме да бидеме регистрирани како активни учесници во финансиските текови. Да дообјаснам. Таму вели дека под 15 илјади евра или 900 илјади денари над таа сума мора да се регистрира преку одредени финансиски институции. Но има таму нешто што се вели врзана трансакција дека тие 15 илјади евра исто така не смеат да бидат

надминати. Ако бидат надминати во врзаната трансакција дека исто така тоа треба се проследува и да се даваат информации. Тоа што значи дека ако некој прима пензија или плата, или незнам што и како месечно околу 1000 евра  за година дека тоа може да биде и 15 илјади евра или некои други приходи, бидејќи тоа исто така е ограничено и на членовите од фамилијата. Јас не сум финансиер но чувствувам дека тоа може да биде голема Контрола. Ова може би во комбинацијај со претходно кажаното за можната злоупотреба или дискреција, не преставува тотална контрола но, на патот на парите, но сепак доста силна која може да се изгради во својата спротивност. И сосема при крај, бидејќи крајот ни е резервиран за нешто друго, може да ми се забележи дека работите ги гледам црно, дека со вакви резерви ние никогаш нема да донесеме било каков закон. Јас потполно го прифаќам и ваквото размислување, но сметам дека во прва фаза треба да полемизираме на ниво на концепти, бидејќи сега нам ни се нуди нов концепт, не од технички промени и измени на законот туку, нов концепт. Затоа сметам дека во прва фаза ние треба да полемизираме и да разговараме за концепти. А будејќи изготвувачот на законот веќе излегува веќе и со членови, не ни останува ништо друго освен, да ги барам слабите точки на понудениот концепт, односно да го афирмирам и бранам можеби мојот концепт со директно посочување на членовите, бидејќи мојот концепт не претпоставува укинувње на дирекцијата, туку напротив, зајакнување на нејзината самостојност.

Друг случај е ако во оваа прва фаза се понудеше издржан и добро образложен концепт без членови за кои што ќе расправаме, а потоа откога ќе најдовме заедничко решение и јазик, во втората фаза да се дефинираше нормативниот дел со членовите на законите. Затоа јас ни после година дена во ова Собрание и во овој парламент не ми е јасно зошто воопшто постои прва фаза. И што воопшто прва фаза значи. Се уште ми е во свежо сеќавање бурната дискусија за еден закон во прва фаза од областа на економијата, мислам дека се викаше закон за поддршка на малите и средните претпријатија. Потрошивме доста време и напор да ги соочиме концепците. Резултатот од таа прва фаза беше нов закон со истите членови, но со ново име. На тој начин насилно беше прекината концепциската расправа и нејзиното финализирање. Но, јас сеуште чекам, кога сте веќе тука да го видам законот за кои потрошивме и време и труд во расправата.

Од тие причини, не можам да прифатам класично објаснување дека е оваа прва фаза и дека сите забелешки што произлегоа од оваа расправа ќе бидат земени предвид. Ќе го прифатам ако претставникот на Владата се согласи да го промени

концептот или да се разубедиме дека концептот кои што го нудат овдека е соодветен. И со оваа констатација ја завршувам анализата на третото ниво спомнато на почетокот од моето обраќање, т.е. методолошко односно процедурално ниво.

И на крај почитувани пратеници процедурално да го потсетам г-динот Трајковски да поднесе оставка бидејќи ја злоупотреби инситуцијата претседател и со аболицијата на г-ѓица Доста Димовска ги навреди граѓаните и го погази нивното фундаментално право, сега додавам право на слобода.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата и колеги пратеници.

Перењето на пари е посебна форма на организиран криминал која е во врска со дејности кои се преземаат на начин добиените пари од криминални трансакции и активности да се депонираат и инвестираат во работа и во легални дејности и потоа а се употребат како пари прочистени, или перени пари. Потоа со перењето на парите е определено како процес, во кои што илегалнодобиените пари се тежнее да се презентираат како пари кои што се добиени во дозволени економски трансакции и се употребуваат за легитимни цели. Ваквите трансакции или активности можат да бидат од разни природи како нелегалната трговија со дрога, проституција и со ред. Бидејќи овие средства кои што се добиени од овие трансакции не можат да циркулираат во бизнис пазарот и работата на банките и берзите организациите кои се занимаваат со овие активности се обидуваат со сите начини тие пари да ги направат како чисти пласирајќи ги како инветиции и како легални трансакции. Појавата на перењето на пари предизвикало појавување на афери и разни скандали кои имале одек, голем политички одек меѓутоа и други економски и фискални реперкусии. Една ваква појава била присутна во многу држави во транзиција и се познати како пирамидални шеми. САД интевенира воено во Панама токму со цел да овие големи извори на перење на пари кои што се добиени од нелегална трговија со кокаин во ценрална и јужна Америка да се елиминираат.

Имајќи голема опасност од оваа појава за економиите на многу држави се роди идеја за меѓународни одредби на донесување на меѓународни одредби донесување меѓународни одредби со кои перењето на пари е одредено како криминал. Така во 1988 година се усвои познатата конвенција сега како комерцијата

на Палермо. Меѓутоа во многу држави посебно во развиените држави се усвоени и посебни специјални закони со цел да се спречи оваа опасна појава. Во оваа насока за среќа се делувало и РМ, што е создадена една адекватна законска рамка за обезбедување на системот на одредени мерки и превентивни мерки. Меѓутоа, со цел да се направи усогласување на одредбите од овој закон со меѓународните документи како што е конвенцијата на Палермо и многу други директиви на ЕУ, во оваа област се предлага да се направат измени и дополнувања на законот кој што е на сила. Со овие измени се врши проширување на законот и овој феномен во иднина ќе се именува како перење на пари и други добивки од криминални дејности кои што ќе бидат во потполна согласност и со одредбите на кривичниот код на РМ. Тоа што посебно сакам да го нагласам е дека со Предлог законот за кој што влегуваме се врши одредување на лица кои имаат обврска да преземаат мерки и дејности за откривање и ограничување на перењето на пари и други добивки од кривични дела и истовремено се предвидува и нов орган за новотело за спрежување на перење на пари односно перење, односно се врши пренос на надлежностите од управата за спрежување на перење на пари во фискална полиција или речено скратено во секторот за спречување на перење на пари при фискалната полиција.

Сакам да нагласам дека донесувањето на Законот во оваа област и предлогот кој што се нуди денес е чекор кој што има повеќе формален карактер со мислење дека е значајно да се одредат и да се одреди импликацијата на механизмите и другите инструменти за спречување нан перењето на пари, посебно во овој случај би го нагласил секторот на банките и другите фискални институции затоа што мислам дека еден силен банкарски систем фискален и постоењето на силни државни институции ќе не натера да бидеме по ефикасни во борбата против овој феномен кој што лично го сметам дека е опасен феномен.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на г-дин Јашари.

Господин Арсовски Славе.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван заменик мнистер, колеги пратеници,

Непобитен е фактот дека потребни се измени и дополнувања на Законот,постоечкиот закон за спречување на перење пари кој што како закон е донесен во 2001 година, и лично сметам и тој можеби беше добар, но за жал, не беше ни применлив, односно за овие некаде три години колку што имам некои

информации, вероватно се точни дека по основ на факви финансиски,нелегални, трансакции досега се поднесени некаде три само кривични пријави, или 5-6 ме подпомагат г-сподинот Груевски, Никола груевски екс министер, кој што дел се отфрлени веровтно, без соодветна и судска завршница, да се разбереме не значи тоа дека е реперт, дека нема такви криминални дејствија но имајќи ги сите податоци, во нашата земја каде што се третираат дека тука некаде по некои извештаи по стотото место по криминал и корупција, дека и во овој ресор дека и кај нас дека нема вакви криминалниактивности во оваа финансиска сфера, односно дека соодветни перења на пари постојат, а с ведоци сме во овој изминат период дека доста поединци или лица се збогатија на еден сигурно нелегален начин. Имаме случаи, се разбира, дека и шофери станаа банкари, некои станаа сопственици на претпријатија. Се разбира, слушаме дека се нудат огромни средства по основ на функции, ослободување од соодветни некои процеси и сигурно се поставува прашањето од каде толкав износ на пари сконцентрирани во оединци и нормално се наметнува тоа прашање дека за жал, и таков како што бил тој закон во овие три години непрофункционира или некој несакал да профункционира имајќи се разбира, она што се вика да профункционира некој закон треба и некои додатни услови. Во таа дирекција која што се формира во Министерството за финансии, колку што имам информации, биле вработени само тројца од кои што една службеничка дактилографка и двајца други, незнам колку стручни за таа област и со една вакна кадровска екипираност се поставува прашањето дали успешно може да се одговори на една ваква многу комплексна и сложена одговорна задача. Резултатот е тој што го имаме. Незнам од кои причини, но тоа е досегашната вистина во регулирањето на проблематиката во оваа сфера., Според мене, сите знаеме дека имаат нелегални стекнати пари кои што се вметнуваат во легалните финансиски токови. Тоа е многу опасно за секоја земја што може да предизвика соодветни тешки економско финансиски пореметувања во целокупните процеси. Самите измени кои што се предлагаат, се согласувам во потпоност од една страна треба да бидат усогласени и со меѓународните прописи и норми кои што ја регулираат оваа проблематика. Оваа проблематика како што истакна колегата Љупчо Јордановски во образложението, како што се Конвенцијата од Палермо или препораките од ФАФТ и се разбира ние како земја која сакаме да се вклучиме или имаме аспирации од тие такви токови се разбира, и нашата легислатива треба да ја прилагодиме кон таквите законски решенија од една страна, а од друга страна за мене е многу битно ека овие измени и допоолнувања на самиот закон за перење пари ќе придонесат навремено да се

склучуваат и преземаат сите соодветни мерки и дејствија во насока на спрежување и се разбира, спречување и финансирање на најразновидни активности со вакви стекнати пари, па други активности од криминални дејанија, да не речеме финансирање на тероризмот и така натаму. Вакви нелегални активности во сверата на финансиите, ако навреме не се спречат може некогаш да доведат, како што истакнав до големи тектонски пореметувања во финансиската сфера со катастрофални последици за сите граѓани од земјата. Се разбира, многу е лошо за една земја вакви стекнати пари да го најдат тлото во легалните финансиски токови. Добро е што овие измени, не само перењето на пари, туку и сите приноси по основ на казниво дело ќе бидат предмет и добро ќе беше да беа наброени, не значи само перењето на пари е еден нелегален начин на стекнување на поединци кои се инволвирани, туку и разни други нелегални стекнувања, но веројатно со кривичниот закон е регулирана оваа проблематика односно сите овие казнени дела се предмет на самиот закон.

Со предложените измени и дополнувња, како главен орган, се разбира кој што ќе ја води оваа активност се јавува финансиската полиција и во таа насока мора да истакнам дека треба што пборзо кадровско екипирање на оваа финансиска полиција. А, како што имам информации во моментот во финансиската полиција има вработено девет финансиски полицајци, што сметам дека се недоволни во насока да ја покријат оваа свера од аспект за успешно справување со оваа проблематика сврзана за перењето пари.

Исто така сметам, иако веројатно, во натамошните решенија, добро е што е во прва фаза дека добро би било да се размисли и за отворање на таканаречени регионални или локални оддели кои што ќе се справуваат со оваа проблематика, да не биде тоа само на централно ниво тие финансиски полицајци кои што ќе ја имаат улогата за откривање навреме и спречување на перењето на пари.

Дилема е пред мене, а тоа добро го образложи и колегата Љупчо Јордановски со укинувањето на Дирекцијата за спречување на перење на пари и сега со формирање на соодветен сектор не е децидно регулирано тоа прашање. Лично сметам имајќи ја тежината на проблемот со кој што и се решава добро би било да постои Дирекција за спречување на перење на пари или Агенција, еве подобар е изразот Дирекција како самостојна институција. Сега регулирано ова прашање дека ова ќе биде сектор во рамките на Министерството за финансии, а од друга страна овој сектор и финансовата полиција како директор што ќе имаат, ќе даваат извештај до Владата, не пишува дека до Министерството за финансии, сега по логиката на

работите, ако е во составот на Министерството за финансии, треба извештај да даваат на претпоставените во Министерството за финансии, па после Министерството за финансии тој извештај да го доставува до Владата, предвидено во законот еднаш годишно, имајќи ја пак повторувам тежината на проблемот, а знаеме дека сите проблеми од таа финансиска сфера имаат други последици за целокупниот живот на една земја, оваа институција треба да се размисли да биде самостојна. Самостојна, независна во своето работење, се разбира стручно и професионално обучена од кадровска гледна точка, од техничка гледна точка со суфистицирана техничка опрема и тн. Добро е, за да успешно се извршува оваа работа, сигурно финансовите полицајци, или финансовата полиција, или како институција се секторот, добро е што е предвидено, треба да има соработка и со други надлежни институции кои што се вклучени во оваа сфера. И Народната банка, односно банките, Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи и тн., преку една координирана активност успешно ќе може да се справи со овој проблем. Да се разбереме кој факт е присутен. Неможеме да кажеме дека сме имуни, дека во Македонија дека нема перење на пари, дека се е легално и тн., дека како што претходно истакнав дека петте, шесте кривични пријави ни даваат до право дека дај уште да речеме да не постои ни како Дирекција, ни како сектор и тн. Дека е се разбира се во ред во овој правец.

Понатака, можеби имам забелешки по санкциониот дел. Да се разбереме, јас мислам нешто се ублажува. Треба да постојат ригорозни мерки во овој правец. За носителите, без разлика дали се физички, правни или лица, мора да постојат ригорозни мерки на казнување за да се спречат вакви нелегални активности, кои што како носители тие се јавуваат. Читам некаде беше истакнато дека се предвидуваат таканарчени смртни казни јас под наводници го викам, сигурно не е физичка ликвидација на некого кој што е вклучен во овој процес, али сигурно треба да има ригорозни соодветни мерки за секој кој што е вклучен се разбира во правец на вакви финансиски активности од типот на перење на пари кој што после како што истакнав претходно би се пуштиле во илегални финансиски токови, се разбира со сите негативни импликации за институциите и граѓаните во една земја.

Што побргу, добро е што оди во две фази да се разбереме, и што побргу овој закон да се донесе. Не само да се донесе на папир како што честопати се има обичај, туку и да профункционира, да профункционираат и овие забелешки кои што ние како пратеници денес ги потенцираме, се разбира претставниците од Министерството за финансии, во втората фаза мора да ги имаат во предвид и да

донесеме еден закон кој што ќе одговори на потребите и задачите за сите граѓани во нашата земја од една страна, од друга страна ќе биде компактибилен со правната регулатива или законските норми или прописи кои што важат и во другите земји, кои што ја регулираат оваа проблематика. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам.

Почитуван претседател на Собранието, почитуван пратеници,

Би сакал на кратко да спомнам нешто во врска со овој Предлог на закон.

Најпрвин би сакал да кажам дека десетина години од кога Македонија ја зема својата самостојност, откако беше завршена над 95% од приватизацијата на Република Македонија, откако беа купени безброј претпријатија во Република Македонија, се разбира, од платите на нивните менаџери, конечно во 2001 година се донесе овој закон, Законот против перење на пари. Сигурно е дека ако претходно беше донесен овој закон, во цели 10 години што беа на располагање, дека многу неразјаснети приватизации, многу мега финансиски скандали, многу скандали поврзани со пирамидални штедилници и слични скандали ќе се најдеа можеби на тапет на овој закон и можеби превентивно во некој случај ќе беше дејствувано.

Меѓутоа, очигледно е дека во претходниот период немаше таква атмосфера во државата, немаше таква волја и дури во 2001 година, тогашната Влада го донесе овој закон.

Би сакал да напоменам дека Законот беше подготвен од експерт кој што го користи Светската банка и кој што претходно Светската банка го беше ангажирала во Република Македонија да го подготви и Законот за банки, односно да го направи првиот драфт. Истиот експерт од наша страна подоцна беше директно ангажиран, значи не преку Светската банка да даде подготовка на овој закон, така што кога го добивме законот и го досредивме така да кажам нели, со домашните експерти, беше испратен во Светската банка на мислење. Светската банка го даде своето мислење во целина го прифати законот, со мали забелешки кој што од страна на Министерството за финансии во тоа време беа целосно прифатени и како таков Законот беше пуштен во процедура.

Она што исто така, би сакал да го потенцирам е дека при донесувањето на овој закон во Парламентот сите бевме свесни дека секогаш кога прв пат се носи

ваков закон, постои можност да има некој пропусти и сите се вклучивме, вклучително и едната и другата страна позицијата и опозицијата дека по одреден период ќе се изврши негово ревидирање, по одреден период ќе се видат слабостите на овој закон и ќе се подобри. Затоа што прв пат во државата се регулираше таква материја. Прв пат во државата се регулираше материја која што претходни никој не ја беше регулирал и веројатно и немаше ниту голем број на експерти во државата кои што се занимаваат со ова прашање. Не дека немаше воопшто, меѓутоа, нивниот број беше многу мал што меѓутоа нивниот број беше мал, така што користејќи ги сите можни сознанија го донесовме овој закон со сознание дека ќе го следиме и по одреден период ќе го надополниме.

Така и се случуваше. Во законски утврдениот рок се формира Дирекцијата за спречување перење на пари, се вработија онолку луѓе колку што се оцени дека е доволно. Истите луѓе не ценеја дека треба повеќе, затоа што согласно Законот сите работи што требаше да се направат се завршуваа на време.

Беше споменато дали тие биле квалификувани, можам да потврдам дека од четворица,  тројца беа со високо образование, и квалификувани. Веднаш беа испратени  на најдобри обуки што беа на располагање во тој момент и можам да се заблагодарам што во тој момент се ставија на располагање многу странски институции кои ги прифатија тие луѓе за обука. Меѓутоа, очигледно е дека оваа материја не е едноставна и токму заради тоа оваа Дирекција до денеска, вкупно двеипол години доставила 6 пријави за сомнение за кривични дела од кои за три се отфрлени а за три е покрената кривична постапка.

Без разлика како ќе се направи Законот не може да се очекуваат премногу спекатакуларни резултати во овој дел, затоа што оваа материја е  премногу силна, премногу тешка за докажување во секоја држава. Ние одвреме навреме слушаме во Франција, во Англија, во Америка и тн., како почнуваат некои постапки за перење на пари, меѓутоа немојте да мислите дека и во тие земји секојдневно има нови и нови случаи. Овие кривични дејствија се исклучително тешки за докажување, така што и по овие измени, без разлика какви и да се немојте да мислите дека таа бројка од 6 ќе стане 60 или 600 или незнам што. Може и да стане ако почнеме секаде каде што ќе видиме било какво сомнение да пуштаме кривични пријави меѓутоа тие кривични пријави подоцна не ќе можат да се докажат. Затоа треба да се работи многу внимателно, многу суптилно. Луѓето треба и понатаму да бидат обучувани во овој сектор за да се дојде до добри резултати. Конечно, потребно е и време односно искуство да се стекне за оваа работа.

Меѓутоа, со измените на овој закон гледам дека се оди кон затворање на Дирекцијата за спречување на перење на пари и нејзината дејност да се префрли во финансиската полиција. Јас од овој потег засега не можам да видам што ќе се направи. Мене тоа ми изгледа премногу техничка работа. Истите вработени ќе се префрлат во друга зграда, во други простории, претпоставувам дека ќе ја работат повторно таа работа, бидејќи се обучувани за таа работа, а што ќе се добие со тоа што од едно место ќе се префрлат на друго навистина не можам да разберам. Фактот да постои една таква дирекција во една држава помеѓу другото е добро и за имиџот за таа држава. Значи, сепак треба да се размисли дали да се укине оваа дирекција. Тоа што имало мал број на кривични пријави причината за тоа треба да се бара на други места. Значи длабински да се навлезе во работата во Законот и да се види. Само техничкото укинување на дирекцијата, значи нешто не оди па веднаш ќе го укинеме, мислам дека тоа нема да даде соодветни резултати.

Конечно би споменал дека во еден член што беше споменат од претходните дискутанти навистина се отвора можност во иднина за можна злоупотреба на законот односно на некој начин претрерување во таквите истраги и доведување до состојба можеби во некои случаи и злоупотреба на човековите права, така што и во тој дел треба да се обрне големо внимание, бидејќи секогаш може да се најде во било кое време да дојде некој директор, или висок функционер кој сакајќи да се докаже колку е вреден и способен ќе направи крупни прекршувања на одредени човекови права што не е цел на ниту една меѓународна конвенција, на ниту еден меѓународен стандард, ниту пак на било кои препораки што доаѓаат од надвор.

Во измените има и многу одредби што ќе ја подобрат работата, меѓутоа, треба внимателно за да не се остави простор за субјективно делување на одредени функционери во иднина.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Ангел Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата,

Верувам дека не постои пратеник во оваа сала кој нема да ја даде својата поддршка за борба против перењето на пари како еден од современите облици на ограгнизиран криминал. Затоа јас нема да зборувам за значењето на предложениот закон, за измените и дополнувањата на Законот за спречување на перење на пари, туку накратко ќе се обидам да укажам на одредени дилеми кои во понатамошната

постапка предлагачот ќе ги има предвид и ќе настојува да даде одредени предлози за нивно надминување.

Ако внимателно ги разгледаме мерки и дејствијата за откривање и спречување на перењето на пари и субјектите кои имаат обврска да ги преземаат овие мерки и активности тогаш ќе забележиме дека повеќе станува збор за одредена превентива во спречување на оваа појава отколку за одредени истражни дејствија со кои се истражуваат и откриваат ваквите несакани криминални активности. Затоа сметам дека основен услов за вистинска борба со ова зло е субјектите кои во Законот беа наведени во член 8, а со измените се дефинираат во точка 5 од членот 3 навремено и целосно да ги доставуваат податоците до финансиската полиција.

Со предложените измени на Законот за да се оствари оваа цел во новодадената глава 5 се предвидени и сите институции и органи кои ќе вршат надзор врз примената на мерките, дејствијата за спречување на перење на пари од страна на субјектите кои се должни да ги преземаат овие мерки. Додека нема никакво сомнение дека надзорот од страна на Народната банка врз банките, штедилниците или менувачниците ќе се врши без никаков проблем, исто така што Комисијата за хартии од вредност без никаков проблем ќе врши надзор врз берзата и брокерските куќи се сомневам дека комисиите кои ќе бидат составени од претставниците на коморите и на професионалните здруженија ќе успеат да вршат вистински надзор врз адвокатите, нотарите, ревизорите, сметководителите и другите лица кои самостојно вршат правни и финансиски работи од јавен интерес. Ова, затоа што кај некои од овие субјекти воопшто не постојат комори или здруженија, или пак постојат по неколку здруженија или друг вид на асоцијации, како на пример како што е случајот кај сметководителите или ревизорите. Затоа предлагачот би требало да размисли дали кај овој вид на субјекти не е подобро контролата и надзорот да го врши Управата за јавни приходи наместо нивните професионални здруженија.

На Комисијата за финансирање и буџет од страна на некои пратеници беше искажано сомневањето за ново предвидената мерка или поточно кажано привремена мерка а од некои говорници овде со новиот член 28-а, за запирање на трансакцијата и привремена заплена на парите или имотот, дека оваа мерка ќе предизвика проблеми во платниот промет и дека може да се злоупотреби од страна на финансиската полиција со што ќе се нанесе штета за правните или физичките лица, на кои ќе им биде запрена трансакцијата. Сметам дека нема потреба од

никаков страв, затоа што за разлика од другите мерки и активности кои воглавном се состојат какод што реков во превентивна улога, оваа мерка навистина е построга, но ќе се применува самос во случаите кога финансиската полиција ќе поседува основи за сомневање, дека станува збор за кривично дело перење на пари и други приноси од казниво дело, или за поврзаност на трансакцијата со сторител на тешко кривично дело или со терористичка активност. И што е уште позначајно таа ќе мора да поднесе предлог за привремени мерки до Јавното обвинителство, а истовремено и да го извести клиентот кој има право да поднесе пред кривичниот совет на надлежниот основен суд барање за утврдување на основаноста на наодот на финансиската полиција, што судот во рок од 24 часа го утврдува со решение. Значи во новиот член 28-а е предвидена цела една процедура со која се заштитуваат клиентите од случај кога финансиската полиција без основ ќе поднесе барање за запирање на трансакцијата, иако се согласило дека оваа постапка би требало подобро да се прецизира во однос на роковите. Се надевам дека тоа министерството ќе го стори во втората фаза.

На Комисијата за финансирање и буџет беше спомената и дилемата околу предлогот во новиот член 14-б да се воведе забрана за врешење на готовински плаќања односно исплата или примање на готови пари над износот до 900.000 денари. Некои пратеници сметаа дека со оваа забрана ќе се предизвикаат огромни проблеми за некои претприемачи, а особено за земјоделските производители кои се навикнати да плаќаат или да продаваат во готово. И во овој случај сметам дека не е потребна загриженост, затоа што не станува збор за забрана на трансакција, т.е. на купувањето или продажбата, туку како што стои во ставот 2 од членот 14-в трансакцијата т.е. регистрацијата на имотот или преносот на парите, хартиите од вредност или друг вид на имот се изврши без никаков проблем доколку остатокот од парите над 900.000 денари се платат преку банка. Значи станува збор единствено за евидентирање на платниот промет над 900.000 денари преку институциите за платен промет во овој случај деловните банки, а не забрана на трансакцијата или забрана не некое си тргување.

На крај да ја споменам и мојата последна дилема околу предложените мерки и дејствија за спречувањето на перењето на пари и нивното влијание врз, како што некои сакаат да кажат, отежнувањето или попречувањето на економијата и на бизнисот.

Се разбира, ниедна држава во светот не би сакала, или барем не би признала дека сака повеќе пари за развој на својата економија, па макар тие пари

биле и од валкани, т.е. криминални активности. Во услови кога на Република Македонија и е потребен секој денар за развој на економијата и нови инвестиции, некои ќе рече подобро е овие пари да влезат во стопанството, отколку да стојат во некои странски банки, на некој си Канарски, Шејселски или било какви острови. За да се разбие оваа дилема, јас сакам предлагачот да се потруди да направи јасна дистинкција помеѓу перењето на пари, даночната евазија, или злоупотребата на средствата од Буџетот, фондовите или пак од разни донации, странски или било какви. Финансиската полиција, Управата за јавни приходи и другите надлежни институции би требало да ги засукаат ракавите и да докажат дека во Република Македонија мора да се оданочи секој приход и да се платат обврските спрема државата, без разлика дали станува збор за акцизи на нафта, или на цигари, данок на додадена вредност, за производи, за исхрана, или пак за текстилни производи, за данок на имот, или за придонеси за фондовите за пензиско и здравствено осигурување. Исто така, сите граѓани на оваа држава, мораат да платат персонален данок на доход на своите годишни примања. Во случај, како што велат, ги зеле на пари од пријател, тогаш да провериме дали пријателот има платено персонален данок на ваквите пари. Честопати во јавноста, а и од некои пратеници сега на оваа седница, овие три видови на незаконитости меѓу нив не се прави никаква разлика и се поистоветуваат. Бидејќи се работи за различни облици на криминал и за незаконитости, со различна тежина и со различна природа, се разбира и нивното решавање би требало да има различен облик. Ваквото поистоветување го направи сега и господинот Груевски во неговиот разговор, кога кажа кога касното донесување на овој закон за перење на пари е една од причината за неконтролирана приватизација или за разни злоупотреби што се направиле при приватизацијата. Кај даночната евазија е главно да се платат неплатенит даночни обврски и би било добро овие средства пак да се вратат во економијата. Кај разните злоупотреби на средства, основно е сопствениците на овие средства да ја спречат оваа појава и извршителите на злоупотребите да се спречат во иднина да располагаат, т.е. да управуваат со вакви средства. Без разлика дали се работи за буџетските средства, за фондови, за донации, за помошти и т.н. Но, кога се работи за перење на пари, кој потекнуваат со трговија со дрога, оружје и други облици на криминал, потребно е не само да се спречи овие средства да влезат во легалната економија и да добијат еден нормален бизнис така да се каже, туку целокупните средства да се одземат, а сторителите на овој вид на криминал да се осудат со казна затвор.

На крајот, ќе наведам еден пример со кој сакам да укажам на разликата помеѓу овие видови на кривични дела. Според член 167 од Кривичниот законик е предвидено дека тој што свесно не се придржува кон законот, друг пропис и колективен договор, за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и други видови на социјално осигурување, а со тоа повреди одземе или ограничи право на работникот што му припаѓа според законот, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година. Со член 279 исто така е предвидена кривична одговорност за одбегнувањето на плаќањето на даноците, придонесите, или другите видови на давачки спрема работниците. Но, од друга страна, сите знаеме дека пред некое време фондовите за пензиско и инвалидско осигурување за здравствено осигурување и Заводот за вработување, објавија јавен оглас со кој ги повика претпријатијата кои ги немаат подмирено овие заостанати даноци и придонеси, да ги платат на рати и дури со грејс период. Во овој случај, сторителите на кривично дело не само што не се казнуваат, туку се ставаат и во попривилегирана положба од оние претпријатија кои навреме ги плаќаат своите обврски по основ на даноци и придонеси.

Значи, да заклучам. Според мене, не само што по дефиниција се работи за разни кривични дела, туку истражните органи треба со истрагата да утврдат и за едно исто кривично дело, во какви околности тоа е направено, дали постоела намера и дали сторителот имал можности да ги избегне дејствието со кое што сторил кривично дело.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Почитуван господине претседателе, колеги пратеници, претставник на Владата,

Денеска на дневен ред имаме измени и дополнувања на еден од корпусот на закони кои што треба да ни обезбеди ефикасна и брза борба против организираниот криминал и перењето на пари. Зошто ги поврзувам овие две криминогени дејности, дејствија, затоа што тие заедно еден со друг под рака и затоа што тие еден без друг не мотжат и се надополнуваат. Организираниот криминал и

перењето на пари се повеќе имаат предзнак на транснационалност. Целта на овие две појави е заеднички. Целта на организираниот криминал е на брз начин со криминогени активности да се стигне до што поголем капитал, а целта на перењето на пари е со разни трансакции да се измие овој капитал, овие пари и да се внесат во номралните финансови текови, што би се рекло по американски жаргон “сивите пари да станат зелени”. Ова е сериозна светска појава, криминогена појава, бидејќи сериозно го разорува економскиот поредок, финансовиот поредок на секоја држава и во светски размери, а исто така се повеќе е поврзан со организираниот криминал, трговија со дроги, трговија со психотропни супстанци, со трговија со луѓе и на крајот со терористички делувања, односно финансирање на терористички акции. Бидејќи сето ова претставува сериозно загрозување на светскиот поредок, Меѓународната заедни а презема мерки и активности за сузбивање на овие појави, а исто така, сите држави во рамките на своите национални законодавства преземаат мерки и активности за сузбивање на овие појави. Меѓународна правна рамка за сузбивање на овие појави се трите конвенции, а тоа е Конвенцијата на ООН против нелегална трговија со наркотични дроги и психотропни супстанци од 1998 година, која што е наречена уште Виенска конвенција, Конвенција на Советот на Европа за перење, откривање, смрзнување и конфискација на приноси од криминал од 1999 година и уште попозната како Стразбуршка конвенција и сега, Конвенцијата на ООН против транснационален организиран криминал од 2000 година, или како што популарно ја нарекуваме Конвенцијата од Палермо со трите придружни протоколи.

Исто така, имаме и голем број на препораки и директиви од Европската унија. Сите овие наведени конвенции се потпишани од страна на Република Македонија и ратификувани со исклучок на последната и согласно меѓународните стандарди се подготвуваме за ратификација на последната конвенција. И во националното законодавство исто така имаме преземено мерки, во 2001 година е донесен законот за спречување на перење на пари кои што влезе во сила 1 март 2002 година со мало закаснување, меѓутоа од сите досегашни анализи и сознанија, овој закон до сега не ги даде очекуваните резултати. Фактот што не сме усогласени со стандардите кои што произлегуваат од Конвенцијата на ООН за борба против транснационалниот организиран криминал, што не е овој закон хармонизиран и со одредбите од Стразбуршката конвенција и фактот што досегашниот закон не ги даде очекуваните резултати, мислам дека е доволна причина за потребата за пристаспување кон измени и дополнувања на овој закон, затоа што сметам дека

сите тука имаме консензус дека до крај ќе се бориме против овие негативни светски појави, кои што не се непознати за нашата држава.

Пред да поминал на моите забелешки по однос на текстот на законот, пред да се впуштам во забелешки, сакам да го истакнам моето задоволство што овој закон се донесува во две фази, затоа што јас сум поборник на оваа постапка. сметам дека само на ваков начин можеме да донесуваме дбори, конзистентни законски прописи, кои што ќе имаат подолг рок на траење и кои што добро ќе ја регулираат областа за која што се и донесуваат. Исто така, сакам да дадам една забелешка која што би се однесувала не само на овој закон, туку и на сите други идни закони, како што е во случајов основниот закон за спречување на перење на пари има некаде околу 35 члена, а пристапуваме кон измени и дополнувања со дури 40 и неколку члена. Сметам дека тука го менуваме дури и концептот на законот и од овие причини, тргнувајќи од ова, од овие причини и во сите идни закони, каде што ќе пристапуваме кон измени и дополнувања, на ваков начин, да се оди кон предлагање за донесување на нов закон, затоа што, како што кажа и претходниот дискутант, мојот колега господинот Љупчо Јордановски, веќе ние го менуваме и концептот на законот, а и имаме и доста сериозни измени и дополнувања.

Од страна на сите комисии, на надлежната комисија, матичната комисија, од страна на Законодавно правната комисија, од страна на сите тука наши дискутанти кои што дискутираа по овој закон, беа изнесени сериозни забелешки по содржината на законот. Сметам дека предлагачот ќе ги врати овие сериозни забелешки, затоа што тие се дадени во контекст на она што сакаме да го постигнеме, а тоа одобрување на предлогот на законот, за да не се јас повторувам, сакам по однос на содржината на законот да дадам една, поточно две сериозни забелешки.

Едната забелешка се однесува на новиот член 35 од предлогот со кој што се додава нов член 28-а. Овој член се однесува на привремените мерки. Привремените мерки се европски стандарди утврдени со Стразбуршката конвенција. Ние навистина сме должни овие привремени мерки да ги уредиме и да ги внесеме во законот. Меѓутоа, јас сметам дека одредбата на новиот член 28 е непрецизна и недоволно јасна. Ако сте го читале предлогот на законот, ќе видите дека сите претходни одредби се од материјален карактер. Оваа одредба е од строго формален карактер. Бидејќи оваа одредба е од строго формален карактер, со неа се регулира начинот, постапката и роковите за донесување на одлуки за привремени

мерки, за запирање на трансакцијата и привремена заплена на имотот, како и се одредуваат органите кои што ќе учествуваат во оваа постапка.

Бидејќи оваа одредба е од строго формален карактер, сметам дека оваа одредба треба да се прецизира и да се појасни, да се преформулира во повеќе членови, за да биде оваа постапка јасно и децидно утврдена, затоа што во практичната примена ќе се судриме со доста проблеми. Јас мислам дека ова во прецизирањето на одредбата од членот 28-а. Бидејќи оваа одредба е од, како што понапред кажав од строго формален карактер, мое мислење е, а сметам дека ќе се сложи и предлагачот, во допрецизирањето на оваа одредба потребно е да се вклучи и Министерството за правда, бидејќи оваа одредба треба да се усогласи со Законот, со повеќе закони, односно посебно со Законот за кривична постапка.

Јас се потрудив да ја прецизирам сама оваа одредба од членот 28-а и ја разработив во четири нови члена. Но, во интерес на времето и да не ги читам, јас би ги приложила на предлагачот и тука во стенограмите да влезат и сметам и на мислење сум дека на предлагачот ќе му послужи барем како појдовна основа доколку ја прифати мојата забелешка за допрецизирање и разработка на овој член.

Уште една моја забелешка која што сметам дека нужно е и потребно е малку да помисли предлагачот на законот. Оваа забелешка мислам дека и мојот колега господинот Љупчо Јордановски ја даде, да се во законот предвиди еден заштитен механизам на клиентите при изрекувањето на мерките, затоа што може да се случи да финансовата полиција како орган за спречување на перењето на пари надлежен, да може субјективно да постапува во одредени свои делувања, а тука сметам дека се работи за еден деловен однос, за фирми кои што со ставањето на овие привремени мерки би го губеле деловниот рејтинг пред своите партнери. Затоа, мојата забелешка е тука, да се даде еден заштитен механизам, односно во случај на издавање на одлука за вакви привремени мерки, а доколку е без основ издадена, како што е тоа надоместок на лица притворени неосновано, или осудени неосновано, да има еден заштитен механизам заради избегнување на субјективноста во постапувањето од страна на Комисијата.

И на крајот, сметам дека сите овие мерки, односно забелешки и предлози од сите дискутанти, од комисијата матична Законодавно правната комисија и моите, предлагачорт ќе ги земе во предвид и ќе донесеме еден доста квалитетен закон по европски стандарди.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Со оглед на тоа што имаше повеќе дискутанти кои искажаа забелешки предлози по однос на законот, се надевам дека ќе бидат разгледани и земени во предвид од страна на предлагачот, со оглед на тоа што се работи за закон кој се донесува во две фази. Ние ја разгледуваме првата фаза и ние како пратеничка група ВМРО-ДПМНЕ ќе го подржиме законот во оваа фаза. Како што реков, се надевам дека во следната фаза ќе има текст во кој што ќе бидат влезени и земени во предвид овие предлози и забелешки од пратениците.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Почитуван претседателе, дами и господа,

Ќе се обидам накратко да го изнесам своето мислење по односн а предлогот за изменување и дополнување на законот за спречување на перење на пари. Само во неколку реченици, со оглед на тоа што и досега беше доста кажано.

Имено, прашањето на криминалот, корупцијата и шверцот како резултат на тоа е и стекнување на имот и пари на незаконит начин, се наше секојдневие од осамостојувањето на Република Македонија па до денес. Овде имаше обиди да се каже како во некои изминати фази тоа било толерирано, па во други фази не било. Пред се, господин Груевски истакна дека во периодот од 1998 година не би донесен ваков закон, тоа е точно и е недостаток на Република Македонија. Но исто така и во периодот од 1998 до 2002 година овој закон е донесен некаде во 2001 година, не како што е речено пред две и пол и повеќе години, со една голема фалинка на тој закон, што од 35 члена во 35 член се вели дека овој закон влегува во сила осмиот ден од влегувањето во Службен весник на Република Македонија ќе се применува од 1 март 2002 година. Што значи, и претходната Влада си донела закон во кој што,

како онаа народната, "обесете го брат ми мене ми е скокот", ова ќе важи од после откако ќе заврши мандатот на таа Влада. Така да, слободно можеме да кажеме дека ниедна влада го сега не се зафатила со целосно решавање на овој проблем. Најчесто кога зборуваме за перење на пари и од денешната расправа и расправата која што ја имавме во матичната комисија се мисли само на парите кои што се стекнати врз основа на шверц со високо акцизни стоки, цигари, алкохол, пари стекнати од дрога, оружје и друго. Но, не помалку треба кога зборуваме за валкани пари да го употребуваме овој поим и за пари стекнати врз основа на прелевање на пари од поранешниот таканаречен општествен капитал во приватен, а и сега прелевањето од државен капитал во приватен. Ова е нешто што го знаат сите во Република Македонија од најмало дете до најголем човек и до сите политичари во Република Македонија, но сите ние молчиме пред овие факти и сметаме дека тоа е нормално или пак не знаеме да се соочиме со овој проблем и да го разрешиме тој проблем.

Инаку како да го објасниме фактот дека најобичен службеник или политиар или човек во РМ за една година или за две години ќе се стекне со огромен имот, сокуќи, со автомобили од 30,40 илјади евра со дебели конта во банките и на крајот ние стоиме некако неми и не реагираме на ваквата ситуација. Затоа сметам дека е многу побитно пред донесувањето на овој закон, превентивната функција што треба да ја имаат институциите во државата, односно институциите во системот во Република Македонија бидејќи многу помалку ќе имаме случаеви на валкани пари, ако функционирале или ако функционираат институциите на системот во Република Македонија. Затоа, не само јас туку и моите колеги од ЛДП сметаат дека е многу побитно да посветиме поголемо влијание на спречување да се дојде до валкани пари, отколку, иако е важна фаза, но многу помалку е тоа да се спречи тие валкани пари да влезат во финансиските текови, отколку што е навистина да се дојде до стекнување на такви валкани пари.

Затоа, три работи сметаме дека се битни и треба да посветиме како држава внимание. Тоа е првата функционирање на институциите на државата и квалитетно извршување на надлежностите на тие институции.

Второ, ние мора да ги дефинираме како држава областите кои се најпотенцијални извори за стекнување на пари на незаконски начин и врз основа на тоа дефинирање на тие области, многу побрзо ќе можеме да ги дефинираме мерките за отстранување на слабостите во системот и можностите за стекнување на валкани пари.

Трето, тое е прашањето на даночната политика за готовинското плаќање. Уште во 1995 година некои пратеници предлагаа дека начинот за оневозможување за стекнување на валкани пари е оданочувањето на готовинските плаќања. Посебно кај правните субјекти, посебно ние сакале или не да го признаеме во Република Македонија имаме присуство на голема количина на готовински плаќања помеѓу правните субјекти.

Конкретно едно размислување кое што треба да го разгледаме и во втората фаза на донесување на законот околу ограничувањето на финансиски трансакции кои што ќе се плаќаат во готовина односно 900 илјади денари. Јас се согласувам дека треба ова да се поддржи, но да размислиме само околу оние кои што не се регистрирани, да не дојдеме сега заради одредени слабости кои што ги имаме во системот да страдаат некои кои што навистина мораат на таков начин да работат, да речеме земјоделците кои не се регистрирани како правни субјекти и цел живот еден земјоделец ќе собира пари за еден стан и на крајот ние ќе го натераме него да ги плаќа преку банка и за тоа да му доаѓа уште поскапо одредено негово вложување. Сметам дека тука може да се изнајде начин за размислување помеѓу правните субјекти и приватните лица кои што врз основа на одредена дејност, како што е земјоделската дејност, како размислување го наметнува тоа но може да се разговара.

Сметам дека предлогот за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење на пари дава квалитетни решенија, што во наредната фаза можат со одредени мали дополнувања да се подобри квалитетот, но сметам дека овој предлог навистина нуди квалитетни решенија и од донесувањето на овој закон најмалку треба да се плашиме ние пратениците, освен ако некој нема основано причина за тоа и сметам дека треба да го донесеме и пратеничката група на ЛДП ќе го поддржи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема повеќе дискутанти.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата да преминеме на гласање.

Го заклучувам претресот по Предлогот за донесување на закон и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење на пари.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите, содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од оваа расправа ќе се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 70 гласале за и 1 гласал воздржан.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 7 - Барање за давање автентично толкување на член 27 од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Владо Паунков.

Барањето и извештајот на ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор по извештајот? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање

автентично толкување на членот 27 од Законот за работни односи поднесен од пратеникот Владо Паунков не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овој член, од причини содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија .

2. Овој заклучок заедно со извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија да се достави до пратеникот Паунков.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 57 за, 1 воздржан и 2 против.

Во салата има повеќе од 60 пратеници, не гласале сите, што значи дека гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Осма точка - Барање за давање автентично толкување на член 40 од Законот за трговски друштва, поднесено од пратеникот Цветанка Гашоска.

Барањето и извештајот на ЗПК се доставени.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор по извеШтајот? (Никој не бара збор).

Го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на РМ констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на член 40 од Законот за трговските друштва, поднесено од пратеникот Цветанка Гашоска не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овој член, од причини содржани во извештајот на ЗПК.

2 .Овој заклучок заедно со извештајот на ЗПК да се достави до пратеничката Цветанка Гашоска.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 61 за, 1 против и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Да ве известам за денешната работа, ќе работиме до 2 и 15, после имаме 45 минути пауза и продолжението ќе го завршиме во 16 часот по барање на пратеничка група заради најавени активности.

Деветта точка - Предлог на декларација за заштита на правата на детето.

Предлогот на декларацијата, извештаите на работните тела и Мислењето на Владата се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Молам, кој бара збор?

Молам, пратениците кои се подносители на декларацијата да ме известат кој е претставник на предлагачот. Госпоѓата Благородна Мингова е претставник.

Повелете имате збор.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА-КРЕПИЕВА:

Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници,

Денес пред нас се наоѓа Предлогот за донесување декларација за заштита на правата на детето, предложена од група пратеници кои произлегуваат од сите пратенички групи што се во составот на овој Парламент, што укажува дека прашањето од доменот на заштитата на детето не се монопол ниту на една политичка партија нити опција, туку обврска на сите нас. Причините да се понуди оваа декларација и повторно да се отвори расправата за заштита на правата на детето, пред се беа диспропорцијата од она што е веќе пропишано во законската

регулатива и она што е наше секојдневие. Потоа поттикнати бевме од резултатите од повеќегодишните истражувања за девијантните и асоцијалните појави кај децата и младите до 18 години, кои говорат за значаен пораст во последните пет години. И уште еден дополнителен факт, потребата да се редефинираат надлежностите на институциите задолжени за заштита на правата на децата. Процесите на транзиција и годините на постепена економска и социјална ерозија на семејството оставија простор во кој ќе доминираат промоторите на условно кажано новите вредности, моќта и парите, оставајќи ги другите вредности и вредносни критериуми во втор план или во заборавот. Па така во просторот на нашето неприсуство како родители, затаеното присуство како и отсуството на надлежните институции, невладини и други организации, како и секојдневното влијание на неселективната агресија и порнографија во играната продукција ги затекнаа децата незаштитени од ударите на, за жал, дрогата, алкохолизмот, проституцијата, физичката и менталната злоупотреба, економското искористување и политичката злоупотреба и манипулација, појави кои за жал не само што се присутни туку се и во пораст. Сакајќи да ги афирмираме уште еднаш обврските кои ги има државата во заштитата и гарантирањето на основните права на децата во сите сфери на општествениот живот и за сите групи деца сообразно на нивната возраст, социјален статус, физичка здравствена и психичка состојба групата пратеници ја предложи оваа декларација, сметајќи дека со тоа ќе ја поттикне целокупната јавност во создавање на повисоки предуслови за економски, социјален, културен и образовен развој на децата, како и негување на слободата и погледите на мислењата кај детето. Притоа го имавме во предвид дека сето ова треба да го постави детето од објект на заштита во личност кој ќе ги познава и ужива своите права.

Тргнувајќи од фактот дека семејството е основна клетка на општеството и природна средина за складен развој на детето, како група во подготовка на декларацијата се обидовме да ги осознаеме состојбите и бројот на појавите каде детето е жртва на семејното насилство. За жал, ние немаме постојани и поопстојни истражувања, ниту системско следење и проучување на оваа појава во функција на негово поуспешно сузбивање, спречување, надминување, намалување на последиците што ги остава тоа насилство врз психичкиот и физичкиот развој на детето. Со оглед на тоа што тоа не претставува посебна инкриминација, нема и официијална реална статистичка евиденција како за посебноста на оваа појава, така и за бројот на жртвите, бидејќи статистиката на кривичните дела се води по сторител, а не според жртвите на тие кривични дела. Исто така и државните

институции покрај остварувањето на својата дејност се во допир со овие појави како центрите за социјална работа, медицинските установи, судовите, не водат посебна евиденција. Нашето законодавство не познава посебна инкриминација на насилството во семејството како посебно кривично дело. Оваа материја се регулира преку општите кривични дела како убиство, лесна или тешка телесна повреда, неукажување помош, присилност врз немоќно лице, посредување во вршење проституција и тн. Но тие не го земаат како дополнително отежнување фактот дека делото е извршено во средината на живеењето, т.е. во семејството. Како родителот е обврзан да го оствари еден од основните принципи за заштита на правата на детето, а тоа е да го одгледа во здрава и хармонична средина. Ова го отвара прашањето за редефинирање на критериумите и условите за адекватна примена на улогата на заштитно, односно прифатно семејство. Ова е само еден сегмент каде директно се испреплетуваат обврските на семејството и државните институции во секојдневното дејствување на планот на обезбедување услови за развој на детето и заштита на неговите права. Токму и затоа сакавме оваа декларација да ја реафирмира нашата определба, покрај водењето на популациона политика, соодветна грижа и материјална помош на родителите за правилен развој на детето, службите и установите кои се одговорни за грижата и заштитата на детето навремено да ги превземат сите соодветни законски, административни и други мерки во случаи кога доаѓа до занемарување на децата, кршење на родителските права и обврски, физичко запоставување и малтретирање на детето, просење, проституција и други инкриминирани и асоцијални појави.

Несомнено дека и во оваа пригода треба да се истакне и улогата на образовните институции кои треба да ја реафирмираат својата воспитна функција и ја насочат кон правилен развој на личноста на детето за тоа да може успешно да се вклучи во животот и во општествените текови. И кога говориме за воспитната функција на образованието врз детето, да не заборавиме и го занемариме влијанието на телевизијата, медиумите, културата и спортот врз формирањето на личноста на детето и градењето и афирмација на вредности и на критериуми кои ќе го насочат развојот на детето во рамките на општо цивилизациските вредности.

Превентивната улога која ја имаат образовните институции во пресретнувањето и спречувањето на девијантните и асоцијалните појави е мошне значајна во севкупната активност на општествената заедница во правец на похуман и постабилен развој на децата. Притоа не смееме да заборавиме дека е неопходно да создадеме услови за поголема достапност до здравствените услуги на децата кои

ќе им помогнат во надминување на проблемите, навремена информираност за тешките последици од користење на средства кои предизвикуваат зависност, потоа откривање и помош во почетната фаза на зависностите, психолошкиот карактер и нивен правилен физички развој.

Почитувани колеги пратеници,

Донесувањето на оваа декларација за заштита на правата на детето, пред се треба да биде само првиот чекор во потсетување на обврските кои сите ние ги имаме во обезбедување на услови за остварување на правата на дететио. Таа треба да има цел да го поддржи и потикне процесот за донесување на национална стратегија за млади на чие создавање последните месеци интензивно работи и Агенцијата за спорт и млади, како и да ја повика стручната јавност, невладините организации и медиумите похрабро да проговорат за сознанијата во врска со овие појави, истражувањата и секако предлозите за збогатување на активностите и мерките на планот, пред се на превенцијата. Но и она што веќе е кажано во декларацијата, да се испровоцира редефинирање на постојните законски решенија од оваа сфера со потребните измени и дополнувања во постојните закони, или пак она што е дадено како алтернативна можност во декларацијата да се донесе посебен закон за заштита на правата на детето, која алтернатива во расправите во комисиите и во расправите со граѓаните кој ја потикнаа оваа декларација има предност.

На крајот сакам само да кажам и да потсетам. Она што ќе го направиме сега повеќекратно ќе ни се врати во иднината која ни претстои. Но она што ќе го пропуштиме ќе ги мултиплицира проблемите и несаканите последици токму по генерацијата која треба да не внесе во Европа.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор пратеничката Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници,

На самиот почеток од мојата дискусија сакам да кажам кој беше основниот мотив да бидам еден од подносителите на декларацијата за заштита на правата на детето.

Основен мој мотив беше положбата на децата во  Република Македонија  во момент кога огромен број граѓани во државата живеат во економска беда, кога

огромен број на граѓани во државата се невработени, кога секојдневно луѓе се отпуштаат од работа и се наоѓаат на улица кога имаме повеќе од 70 илјади граѓани кои со месеци не земаат плата и повеќе од 90 илјади социјални случаи, а според некои евиденции некаде околу 420 илјади сиромашни граѓани во Република Македонија . Токму сето ова што се случува во државата, вклучително и враќањето односно не враќањето на раселените лица, секојдневните вооружени инциденти придонесуваат во државата да имаме една состојба на напнатост која е присутна кај возрасните посебно кај оваа категорија на граѓани и оваа нивна психичка напнатост како агресија во некои семејства се рефлектира директно врз членовите на семејството, посебно се прекршува на грбот на децата. Не може тоа да не се случи во едно болно општество кое што боледув а од сите овие болести и токму заради тоа и децата се инфицирани од сето тоа. Жално е што се појавуваат огромен број асоцијални однесувања кои секојдневно се случуваат, читаме во печатот каде што голем број на деца страдаат и се жртви на семејно насилство. Понатаму, деца кои што родителите ги наведуваат на проституција со цел да заработат, ги наведуваат на просјачење. Значи за сите овие состојби мора длабоко да не загрижат во државата, меѓутоа не се сведуваат овие социјални однесувања само на возрасните спрема децата, туку оваа агресија се пренесува и во семејството и надвор на улицата и во училиштата. Затоа имаме се почести примери бидејки децата го пресликуваат поведението на возрасните, имаме деца кои веќе палат куќи, деца кои каменуваат автобуси, деца кои што силуваат свои другарчиња и деца кои што едни на други се напаѓаат со ладно оружје. Сето тоа навистина треба многу да не загрижи и токму заради тоа треба да размислиме бидејки се почести се појавите, по масовни кога децата не само што конзумираат алкохол и други средства на зависности се се поприсутни. Тикму заради сето тоа што го набројав неопходно е потребно сите во државата да го понесат својот товар на одговорноста, почнувајки од семејството, понатаму образованието, законодавната и извршната власт посебно, значи власта посебно бидејќи после 15 септември таа ја превзеде одговорноста и им вети на граѓаните кои што им ја дадоа довербата, дека тие ќе живеат подобро, а со тоа значи дека и на децата во Република Македонија ќе им се овозможи нормален развој.

Многу битно е и она што ние како законодавна власт треба да го направиме во тој однос и токму заради тоа треба сите ние да работиме на заострување на санкциите за сите оние прекршители, односно сите оние кои што ги злоупотребуваат децата и сите оние кои ги кршат нивните права. Понатаму треба да ги

приоспособиме нашите закони или да донесеме нови закони со кои што ќе обезбедиме не само заштита на децата туку и нивно образование, солидно образование и воспитување, здравствена заштита и социјална сигурност. Многу е важно да се донесат и законски решенија за заштита на децата од информации кои што се штетни за нивниот психофизички развој, и санкции во исто време за медиумите и сите оние кои што не внимаваат на тоа , бидејки негативните пораки што се емитуваат и негативните ликови со кои што децата може да се поистоветат, да ги земат како модел за сопствена идентификација со нив, можат да предизвикат многу лоши состојби во државата односно формирање на личности кои што се агресивни или деца кои што не се со нормален психофизички развој. Токму заради тоа во сите овие нешта, сакам да потенцирам дека освен тоа што е огромно значението на семејството за психофизичкиот развој на децата, огромно е влијанието и на образованието и токму заради тоа во декларацијата има посебен дел кој што се однесува на образованието. И моментот во државата е таков кога навистина и оваа сфера е доста интересна и не толку розова заради тоа треба да размислиме каква е воспитната компонента во нашите училишта. Само за пример ќе ви дадам, ако еден директор во едно училиште како воспитна мерка за своите ученици во училиштето изречува напуштање, односно гонење на учениците од час, односно препуштање на воспитанието на децата на улицата. Значи, ние родителите ги праќаме на училиште , додека овој директор на училиштето си зема за право да изречува вакви, “педагошки мерки”, значи учење на децата на улица. Ако, какво е образованието и воспитанието на нашите деца треба да не замисли и примерот од едно училиште , каде што средношколци тукушто тргнати на училиште од прва година, сите одлични ученици испишуваат огромен графит на ѕидот од своето училиште дехуманизација во процес. Значи , овие деца училиштето го доживуваат како место каде што се врши нивна дехуманизација. Не зборувам за сите училишта, меѓутоа овие пораки треба сериозно да се размислат од нашите деца и да видиме што е тоа што не чини во нашиот образовен саистем.

Какво е нашето образование, почитувани дами и господа, во кое што еве имавме резултати од спроведена анкета, во кое што се кажа, излезе дека нашите деца се неписмени и покрај тоа што учат огромна материја, тие не успеваат она што го научиле и практично да го применат, тоа е само поради тоа што не се води сметка за развој на критичкиот и креативниот дух кај децата, туку све се сведува на папагалско учење на сето она што им е дадено како содржина.

Понатаму, во нашето образование отсуствуваат и содржини за образование на живот, кој што се многу значајни во формирањето на личноста на детето, почнувајки од здравственото, сексуалното образование, понатаму културата на живеење и културата на исхраната од кое што зависи колку ќе ни биде здравото поколение во иднина. Затоа крајно време е да размислиме за квалитетот на образовните програми, за воспитната компонента, за тоа кој ги образува нашите деца, каква е нивната одговорност, какви се позитивните мотивирачки мерки кои што ги превзема државата за поттик на овие луѓе кои што совесно си ја вршат својата образовна активност, а кои се санкциите за оние кои што несовесно ја вршат својата работа.

Значи, од сето тоа што го наведов сакам да кажам дека во оваа декалрација овој дел кој што се однесвуа за образованието е поттик да се размислува посебно во Министерството за образование, Бирото за развој, па и во самиот Парламент за носење на решенија кои што ќе овозможат солидни наставни програми и воспитна дејност, воведување на воспитната дејност. Во самата декларација освен образованието е допрена областа на социјалната и здравствената заштита на децата. Би сакала сосема накратко и овде да се задржам, бидејки многу сериозна е состојбата и во оваа област. Верувајте имаме огромен број на семејства, од сите овие семејства кои што ги напомнав , кој што живеат на работ на сиромаштијата, кои што не можат да обезбедат на сопствените деца нормална здравствена заштита и ако тоа се гарантира, со нашите закони. Меѓутоа луѓето кои што имаат болни деца и кои што треба да ги носат на контроли во Државната болница во Скопје, такви има многумина во Струмица кои што ги познавам, навистина не се во состојба да обезбедат навреме здравствена заштит а за сопствените деца, бидејки немаат пари да платат карта за автобус, немаат пари да платат партиципација за сопствените деца, а да не зборуваме за лековите кои што дел од нив не се наоѓаат на позитивната листа која што постојано се намалува бројот на лекови и кои што воопшто не можат да ги најдат во аптеките, а тие немаат пари да ги купат бидејки не се на работа. Значи алармантна е состојбата и во здравството и токму заради тоа ме радува тоа што сите комисии во ова Собрание кои што ја разгледаа оваа декалрација дадоа позитивно мислење. Значи сите ние пратеници се согласуваме да се скрене внимание и на извршната власт, а и ние законодавната власт за здравствена и социјална заштита, подобра здравствена и социјална заштита на децата во Република Македонија .

И на крајот би кажала почитувани колеги, дека оваа декларација е само еден појдовен основ за сериозно размислување и една можност да се укаже на потребата од спроведување на широка општествена акција на повеќе полиња. Тоа е само првиот чекор, меѓутоа чекор кој што не обврзува сите ние законите кои што во иднина ги носиме да бидат разгледувани и од аспект на заштита на правата на децата. Во овој момент посебно е важно тоа што овој Парламент ќе декалрира заедничка волја, верувам во тоа , на сите политички партии, дека сите ние се грижиме за децата за нивниот нормален развој со цел да им помогнеме денес за да им може да им овозможиме подобра иднина и на нив и на Република Македонија во иднина.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Благодарам

Има збор господинот Хусеини Хусеинџевад.

Се извинувам, има реплика госпоѓата Ивановска Љиљана.

ЉИЉАНА ИВАНОВСКА:

Госпоѓата Бонева ,во оваа прилика не ја испушти шансата дека кога се изгради политички консензус околу донесување на оваа декалрација за заштита на правото на детето, да ни држи политички говор околу тоа кој е виновен за оваа состојба. Овде беше изразен во оваа декалрација политичката волја за загриженост на состојбите со градење на стратегија за здрава нација, така да мислам дека невкусно беше некои упаѓања од 15 септември и кој е заслужен. Ова време на транзиција сепак ги донесе сите проблеми што ги имаме и со образованието и со младата популација и порастот на агресивноста. Секако и конфликтите 2001 година донесоа до голем пораст на агресија во младата популација.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Значи контра реплика има госпоѓата Бонева, една минута ве молам.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Само накратко господине претседателе. Мисалм дека реалните состојби во државата се такви и не смееме да бегаме од тоа.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Благодарам.

Има збор господинот Хусеини Хусеинџевад.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАД:

Почитувани колеги, мојата подршка за оваа декларација е антиципирана со мојот потпис како еден од предлагачите на оваа декларација. Истата предвидува законска заштита на децата за неопходната заштита на децата од секој вид злоупотреба, било од другите било од самите нивни родители. Грижата за децата, значи грижа за иднината. Значи со оваа декларација се обврзуваме како општество превентивно да влијаеме и да се бориме со асоацијоативните појави кај децата, да имаме посебна грижа за талентираните деца, грижа за децата без родители, грижа за децата со телесни инвалидности или ментални инвалидности, грижа за семејството затоа што тоа е најпогодната почва за негов развој и зголемувањето на грижата на родителите за негово издигнување и т.н. Не сакам да спомнам и рефертивни точки од декларацијата бидејки сето тоа ние го прочитавме и ќе најдат место и во медиумите. Сакам да спомнам само едно мислење кое што е длабоко хумано што ќе биде како репер не само за подржување на оваа декларација, туку и за други проблеми кои бараат вистинско и правично решавање однадвор. Да цитирам: “Не недостасува, не е доволно да живееме со чувството дека сме добри, туку треба да се одалечиме со чувството, колку сме направиле, колку сме оставиле, да оставиме значи еден подобар живот”. Ова го рече Емил Зола.

Ви благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Благодарам.

Има збор, пратеникот Стојановски Нелко.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван господин потпретседател, почитувани колеги, слушнавме неколку излагања во врска со оваа предлог декларација и дозволете ми јас нешто да кажам вов рска со неја.

Во Предлог декларацијата се изнесени основите од кои се тргнува од предлагањето на еден ваков документ и тие основи беа изложени пошироко од мојата колешка Благородна. Но, како реков еден од потписниците на оваа

декларација и како човек кој целиот досегашен работен век им го посветил на младите и на децата, сакам да истакнам уште неколку работи кои се назначени во декларацијава кои можеби и не треба пошироко да се елаборираат и затоа само накратко на нив ќе укажам. И да спомнам и тоа дека нашата идеја да предложиме ваква декалрација беше благородна, имајки ги предвид децата и младите, а не некој наш политички маркетинк. Недвојбен е фактот дека децата во секое општество ја преставуваат неговата иднина и секое општество што мисли на својата перспектива и на својот развој сака да го зачува дотогаш создаденото духовно и материјално богатство и понтаму да ги унапреди. Тоа понатамошно продолжување на културата и традицијата, тоа обезбедување на општествен прогрес , треба да биде дело на младата генерација и отаму грижа на сите општества досега е да имаат така да речам добра младина. Во сите општества се превземаат разновидни мерки за правилен развој и социјализација на новата генерација, која треба преку интенционалните и неинтенционалните влијанија да ги прифати постојните вредноси и да го насочува понатамошниот развој. Се чини дека за ова не е ништо спорно. Дури грижата за децата е регулирано со Декларацијата за правото на детето и Конвенцијата за правата на детето на ООН, Европската конвенција за правата на децата и други меѓународни акти, како и со Уставот на Република Македонија за посебна заштита на децата. Треба да потсетам дека времето кога децата учествувале во работата заедно со возрасните, без да имаат играчки, игри, кога децата од 7 или 8 години работеле скоро цело работно време на физички напорни работи е далеку зад нас. Пред минатиот век се појавија идеи за заштита на правата на децата од нивна злоупотреба, како и од нивно психичко и физичко малтретирање, дека треба да се почитува нивниот физички и морален интегритет и да се обезбедат услови за нивен нормален развој и социјализација.

Меѓутоа и покрај ваквите декларативни заложби еден број деца и денеска немаат потребна родителска љубов и општествена грижа. Постои физичка и сексуална злоупотреба на децата и тие немаат услови за нормален развој и стануваат и стапнуваат на некој стран пат, станувајќи девијанти и бавејќи се со асоцијални и анти социјални активности. Обемот на таквите појави кај нас е во пораст. Имено, се покажа дека малолетничката деликвенција е во пораст, дека се појавуваат и нови досега непознати и потешки облици на криминалитет, убиства, разбојништва, силувања, тешки кражби и слично. Присутност на грубост, бесчувствителност и свирепост при вршењето на таквите активности, вршење на немотивирани кривични дела и слично. Не е потребно да се истакнува дека младите

личности се во развој, дека кај нив има интензивни физиолошки и психолошки промени кои што се следени со емоционална напнатост и неурамнотеженост. Ако кон тоа се додадат и бурните интензивно општествени промени во кои се наоѓаме и во кои се одвива нивната социјализација ќе ни стане јасно зошто состојбата е ваква.

Имено, тие се социјализираат во состојба што се карактеризира со радикални општествено-економски промени но и со невиден продор на нови научни сознанија и информатичка револуција и за еден релативно краток временски период многу им се измени начинот на живеење и мислење што не го доживеала речиси ниедна претходна генерација. Тие претрпеа огромни стресови кои не беа останати без соодветни одрази кај нив, но од друга страна тие повеќе знаат, поинаку и подобро живеат или пак се стремат како да го направат животот подобар и да живеат подобро бидејќи за тоа имаат непосредни примери. На тој начин расчекорот меѓу потребите и на индивидуите и можностите на општеството и на нивните родители се поголеми и понагласени.

Со својот младешки жарн и елан младата генерација често тоа не може да го свати и да се адаптира на соодветен начин. Тоа резултира кај нас и со пораст на малолетничкиот криминалитет и криминалитетот од потежок вид со поголемо учество во тешките кривични дела односно дела со поголема општествена опастност. Се забележува поголема организираност, присутност на свирепост и безобзирност, поголемо учество на повторници и со се поголемо учество на помлади лица односно деликвенти, стануваат лица на многу помлада возраст.

Драги колешки и колеги,

Што треба да се направи за да се надмине ваквата состојба. Со оваа Предлог декларација сакаме да обезбедиме поголема грижа за детето. Сакаме да истакнеме дека е тоа сериозен општествен проблем и дека треба многу поактивно да се вклучат и ангажираат државните органи и други општествени институции и организации преку бројни и разновидни мерки кои треба да бидат добро координирани. Ние сакаме Собранието на овој начин да ги афирмира правата на детето и да укажеме дека треба да им се посвети соодветна грижа и материјална помош за да им се овозможат услови за нивен правилен развој. Овде се укажува и на улогата на образовните институции и на семејството како фактори кои значајно влијаат на детското успешно насочување во нивниот развој и успешно вклучување во општествениот живот и во општествените текови.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Благодарам.

Има збор г. Зуди Џелили.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитувани дами и господа,

Ќе кажам нешто во Предлог декларацијата за заштита на правата на децата, со цел оваа декларација да наиде на добро разбирање и да се постигне потребниот ефект. Затоа што тешката економска состојба во Република Македонија, егзистенцијалните проблеми со кои се соочуваат еден голем број на граѓаните придонесува посебно кај децата поради нивните емоции и нивната физичка незрелост почесто да бидат децата жртви. Во разни состојби се злоупотребуваат и се манипулира со нив. За надминување на овие состојби мислам дека е потребно да се обезбеди едно поголемо згрижување за заштитата на децата. Затоа ќе ја поддржам оваа декларација, ова ќе го поддржат и другите пратеници на Демократската партија на Албанците со надеж дека ќе се афирмираат правата на детето и оваа декларација ќе ни даде до знаење потребата за да им понудиме адекватно згрижување и материјална помош, за да им овозможиме услови за нормален и правилен развој на детето.

Актуелната состојба во областа на образованието, здравството, социјалната заштита, како и во правдата, е таква да Владата неопходно со закон да ја регулираа оваа материја изменувајќи ги и дополнувајќи ги постојните закони во согласност со меѓународните закони како и оние од Европската заедница кои се однесуваат со правото и начинот на заштитата на детето.

Се надевам дека оваа декларација ќе го постигне потребниот ефект и ќе создадеме услови за една поздрава младина.

Ви благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Збор има пратеничката Лалчевска Ристана.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Почитуван потпретседателе, колешки и колеги пратеници,

Од претходните излагачи, моите колеги слушнавме многу за причините, за потребата, за мотивите на оваа Декларација, зошто денеска расправаме по неа.

Јас сум еден од предлагачите, па ќе се осврнам на оваа Декларација од еден поинаков агол. Би упатила еден апел.

Во Програмските документи на ОН, во периодот од 6 до 12 октомври е предвидена "Детска недела". Кај нас, во Македонија Сојузот за грижа и воспитување на деца, што делува согласно на овие документи на ОН односно Декларацијата за правата на децата и Конвенцијата за остварување на правата на детето на ОН, исто така ја одбележуваше "Детската недела". Нешто што посебно ме мотивираше да се приклучам кон предлагачите на оваа Декларација беше беџот Што децата го носеа за време на "Детската недела". На тој беџ имаше нацртано едно детско око што симболизираше потреба и повик на децата да ги повикаат возрасните да ги поправат нивните животни услови и да обрнат повеќе внимание на децата. Симболиката за мене беше премногу јака за да не се одзвам, да не се приклужам кон Предлогот за донесување на една ваква Декларација. Мислам дека оваа симболика ќе го допре секој возрасен човек и ќе ја поддржи оваа Декларација, ќе се приклучи во она што бара Декларацијата и ќе даде свој придонес за конечно да го средиме и покрај сите проблеми што ги имаме во државата, барем да го средиме овој дел околу грижа и воспитување на децата, да дадеме една правна рамка што ќе овозможи на сите институции во државата, на родителите и семејството да водат поголема грижа за воспитување на децата.

Децата ја испратија својата порака до нас, а сега ние треба да сториме нешто да ја подобриме климата во државата за тие да можат безгрижно и безбедно да растат и да се развиваат во личности, зрели, правилно воспитани, затоа што ние возрасните често велиме дека децата се нашата иднина. И, ако навистина мислиме дека децата се нашата иднина, тогаш веднаш и сега треба да сториме нешто да ги подобриме состојбите околу грижата и воспитувањето на децата како би се изградиле утре во личности кои навистина ќе можат да работат и придонесат за државата, бидејќи само здрави и првилно воспитани личности ќе можат да дадат придонес и во иднината.

Верувам дека Декларацијата ќе ја поддржат сите пратеници, бидејќи такво чувство добив на комисиите, бидејќи кога се расправаше за Декларацијата, бидејќи помина низ неколку комисии. Секаде климата беше многу позитивна, што ми е навистина драго.

Меѓутоа, би сакала да истакнам уште еден факт, би сакала да верувам дека оваа, а јас искрено верувам дека е така, дека оваа Декларација нема да ја доживее судбината на онаа Декларација од пред десетина години кога беше

донесена, што за жал остана само Декларација. Се надевам дека сите вие колеги ќе дадете свој придонес да се остварат или имплементираат оние барања или пунктови нагласени во Декларацијата, како би се создале подобри услови за грижа и воспитување на децата. Верувам дека Владата ќе ја сензибилизираме што побрзо да донесе национална програма за млади и дека ќе делува во сите сегменти каде што се засегнати правата на децата. Верувам дека нема да остане само Декларација.

Еве, да кажам дека и моите колеги од Либералната партија сесрдно ја поддржуваат и дека ќе гласаат за оваа Декларација и се надевам дека ќе ја изгласаме без ниту еден глас против.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Има збор госпоѓа Андова Ана.

АНА АНДОВА:

Благодарам господине потпретседател, колеги и колешки пратеници,

Дозволете ми како еден од предлагачите на оваа Декларација за заштита на правата на детето да се осврнам покрај останатите од еден друг аспект, за потребата за донесување на оваа Декларација за која ние предлагачите се согласивме дека е основана. Во налетот на злото на современиот живот и свет од кое воопшто не се имуни ниту развиените земји, туку баш напротив, ете, во еден друг контекст во претходната расправа по еден друг закон беше спомнат белегот на транснационалност. Ние многу често и како родители и како учесници во одредени процедури при решавање на конкретни случаи ги лоцираме причините во поимот транзиција. За жал и доста често како покритие за одредени талкања, недоследности, неснаоѓање во текот на изминатиот период. И, уште еднаш да се повикам на овој период на транзиција за жал многу од вредностите кои постоеја и кои не беа дел од политичкиот систем туку беа и се и натаму ќе бидат универзални, општо човечки, општо цивилизациски, безвременски, безпросторни ограничувања заедно со новото време доживеаја извесен пад. И така најопшто гледано, најгенерално старите “вредности” или не важат или се загрозени и во таа загрозеност на системот на вредности многу често се случува одредена категорија на граѓани да биде оценета како носители на старото или конзервативното и често во таа улога, многу често и многу неоправдано се ставаат и родителите, заради природата на улогата што ја имаат. И, млади, условно кажано како носители на “ново” и прогресивното. И така ни се случува да имаме некои нови промотори, што ги

спомна колешката Мингова во својата дискусија, промотори на “нови вредности” кои низ свој сопствен пример сакаат да наметнат дека не важат други вредности освен моќта и парите.

И, во таа промоција, заради безкрупулозноста на оние кои менаџираат со силите на злото, дозволете фигуративно да се изразам, најчесто страдаат младите и се целна група и жртва на трговијата со луѓе, шверц со стоки, дрога, атакувани од сидата и сите други видови и манифестации и појавни форми на овие зли и мрачни сили.

Патем, тука е баш соодветно местото да се спомне дека некои од тие кои менаџираат со овие мрачни сили деновиве им се слошува, им паѓа тешко, имаат нервни ломови и не сум сигурна дека ломовите ги доживуваат заради грижата на совеста од оние кои се, да речеме млади девојки чие тело е предмет на трговија и нажин да се дојде до профит или млади момиња и девојки што се фатени во синџирот на дилерување со дрога и сите други појави што ги спомнав.

И покрај постоење на законска регулатива, а треба да кажеме дека постои, конкретно заради младите како потенцијални жртви и начелно заради потребата, ние како пратеници, како претставници на законодавниот дом да се вклучиме, постојано да ги промовираме и реформираме вредностите, да учествуваме во зајакнување на јавната свест на сите нивоа. Да иницираме развивање механизми и инструменти на адаптибилност и брза реакција на нови манифестации, на нови појавни форми на овие видови на асоцијално поведение и причините што ги генерираат. Истите да се вградат во националната стратегија за младите. Впрочем, таа потреба беше истакната во расправата на сите комисиски тела кои расправаа по оваа Декларација.

Би сакала тука да се навратам во однос на мотивот за предлагање и донесување на оваа Декларација, дека не се согласувам со тонот на дискусијата на колешката Бонева, бидејќи и покрај тоа и покрај фактот што социо-економскиот амбиент во една држава, како во другите така и кај нас, неспорно дека има влијание на појавата на овие асоцијални појави кај младите. Меѓутоа, тој социо-економски амбиент има свој континуитет, свои падови, па ајде да кажам и нагорни линии. И, во крајна линија, согласно тоа може точно да се лоцира и одговорноста на поединци и институции, временски.

Беше спомнато и семејството. Токму од мотивот на предлагачите на оваа Деклралација јас би сакала да истакнам некои позитивни аспекти.

Почитувани колеги и колешки,

Јас сум уверена дека ќе се согласите со мене, семејството, нашето семејство е феномен што заслужува посебно внимание од страна на социолозите, бидејќи како вредност е наш "модус вивенди", начин како сме опстанале и како ќе опстанеме и понатаму. Затоа треба да го негуваме и промовираме.

Исто така, треба да ги реафирмираме и нашите традиционални вредности, да ги оплеменуваме и надградуваме со нова и современа модерна содржина.

Во однос на забелешките на образованието и другите институции, наш мотив и наша обврска што произлегува од оваа Декларација е да ги жигосуваме несовесните поединци, а да ги афирмираме професионалноста и етичноста.

И, на крајот, да не го заборавиме белегот на транснационалноста. Некои работи не зависат само од нас. Ние, со Декларацијата сакаме да иницираме одреден став, одредени позиции што ќе ја застапуваме сите, вградена во националната стратегија на младите, како да стекнуваме повисок степен на имунитет и на општеството во целина и на институциите и на поединците, секако се подразбира, спрема појавите што најмногу ги засегаат нашите најмили, а се во интерес на заштитата на нивниот целосен интегритет.

Благодарам.

АГРОН БУЏАКУ:

Благодарам.

Објавувам пауза од 45 минути.

Со работа ќе продолжиме во 15,00 часот.

(по паузата)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа по деветтата точка, претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас како претставник, како пратеник на ПДП, на некој начин, сакам да дадам поддршка во врска со Декларацијата за заштита на правата на детето.

Ја поздравувам иницијативата на пратениците кои предлагаат една ваква декларација и немам некои големи забелешки по однос на содржината на текстот,

бидејќи според она како е предложен текстот на декларацијата се опфаќаат сите форми во сегментот на заштитата на детето, тргнувајќи од семејството, потоа едукативно образовниот сегмент, потоа, земајќи предвид здравствените институции, дури и администрацијата и судовите. Сите тие, доколку како пратеници или како институција, како парламент, ги достигнеме, овие институции се соодветни институции кои непосредно се занимаваат со заштитата на правата на детето, но и развојот на формите, едукативни или судски процедури кои се однесуваат на заштитата на детето, тогаш се надевам дека може да се направи нешто повеќе. Инаку, доколку останеме само во рамките на една декларација која го има своето место, според мене, доколку се афирмира добро и од стсрана на медиумите и доколку нашиот интерес во врска со оваа категорија, каде што станува збор за децата, не остане само како што се вели како декларација, значи, за наше интересирање, тогаш се надевам дека ќе направиме многу подобро бидејќи вакви декларации имале и во претходните состави на парламентот, но за жал, работите не одеа добро во однос на заштитата на правото на детето. Само заради тоа што се случува во соодветните институции, а парламентот треба да ја следи нивната работа. Со тоа ќе го даде својот придонес на посериозен начин, искористувајќи ги сите едукативно образовни форми и др. во други области дефинитивно детето да се извлече од една состојба или пак од една средина, за која денес можеме да речеме дека е многу неповолна за децата. Се разбира, тука не можеме да се рехабилитираме толку лесно и ние како пратеници, но и другите институционални структури, бидејќи на крајот на краиштата честопати најголемата вина е на нас кога ќе констатираме дека децата или детето денес многу малку е заштитено во поглед на неговите права. Но, како и да е, се надевам дека последниот дел од Декларацијата дава надеж. Доколку инсистираме да има една стратегија за заштита на правата на детето и доколку сето тоа се операционализира со соодветни закони, со измени и дополнувања кои ќе одговараат на времето, тогаш може да се направи многу повеќе. Но мораме да признаеме дека состојбата во овој правец може да се каже дека дури е алармантна, па затоа и неслучајно се предлага една ваква декларација, можеби во време кога самата состојба алармира, а ние како пратеници имаме одговорност да иницираме конечно оваа состојба да се подобри.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на декларацијата го ставам на гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата бидејќи ќе преминеме на гласање.

Можеме да продолжиме со работа.

Предлогот на декларацијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(по гласањето)

Гласале 62 пратеника, 61 гласал за и 1 гласал воздржано.

Констатирам дека Собранието ја донесе Декларацијата за заштита на правата на детето.

**Преминуваме на 10-тата точка** - Избор на членови на Републичкиот судски совет.

Комисијата за прашања на избори и именувања поднесе предлог за избор на член на Републичкиот судски совет, кој се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Претседателот на Република Македонија поднесе предлог за избор на двајца членови на Републичкиот судски совет. Едниот од нив се избира со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број пратеници. Другиот се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број  пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Преминуваме на избор на член на Републички судски совет, предложен од Комисијата за прашања на избори и именувања.

Отворам претрес по предлогот Абдулселам Канзовски да биде избран за член на Републичкиот судски совет.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван пртседателе, почитувани колеги пратеници,

кога се врши избор на членови на Републичкиот судски совет, мора да се има предвид законитоста на изборот. Иако и на претходната седница укажував на тоа дека за да се изврши избор неопходно е најнапред да се извршат измени на Законот

за РСС во поглед на продолжување на рокот кој е облигаторен, тоа не беше воопшто земено во предвид. Сега, само уште еднаш ќе истанам дека при изборот и на претходно изгласаните и на сега предложените кандидати за членови на РСС не е почитуван член 4 став 2 од Законот, според кој изборот на членовите на Советот ќе се изврши најдоцна во рок од 60 дена од влегувањето во сила на измените и дополнувањата на Законот за РСС односно до 9.09.2003 година. Овој рок денес го пречекорувате за цели 40 дена.

Според ставот 3 на членот 4, мандатот на досегашните членови на РСС им престанува само доколку е исполнет условот изборот на новите членови на РСС да биде извршен најдоцна до 9.09.2003 година. Значи, со непочитувањето на овој рок не се отсварени условите за престанок на мандатот на досегашните членови на РСС. Тоа ќе предизвика многу проблеми не само во однос на легитимитетот на изгласаните членови, туку и на одлуките кои ќе ги носи РСС како многу значајна државна институција. Но јасно е дека владеачките партии ништо не може да ги сопре во намерата за обезбедување силно влијание врз судството, што се покажа и при неуставните измени на Законот за РСС кои беа премолчно со неповедување постапка за оценување на уставноста на овој закон одобрени и од новата постава на уставниот суд, именувана од владината коалиција.

Со овие именувања се создава уште поголема недоверба во судството. Со овој начин на конституирање на РСС по волја на власта директно се нарушува можноста на независност на судската власт како трета власт во државата, покрај законодавната и извршната. Доколку се имаат други намери, немаше да биде исклучена од расправа за поставеноста на РСС стручната јавност, немаше да биде исклучена и од постапката за предлагање кандидати за членови на РСС. Владеачките партии, СДСМ и ДУИ ќе најдеа сили да побараат предлози за жленови на РСС од страна на апелационите судови и на Врховниот суд. Ќе се консултираат со опозицијата, ќе овозможеа јавна дебата за авторитетот и квалитетот на предложените кандидати. Со тоа ќе овозможеа и избор кој немаше да предизвика никакви сомнежи. Но, тоа не се случи. Се покажа целта која владините партнери, СДСМ и ДУИ, сакаат да ја постигнат, а тоа е избор на РСС чии членови одговорно ќе ги прифатат кандидатите за судии во основните, апелационите и Врховниот суд, кои ќе им бидат определени во партиските штабови на СДСМ и на ДУИ.

Избор на РСС чии членови ќе ги почитуваат партиските директиви за дисциплинирање на судиите кои не ги остваруваат партиските интереси на овие две партии. На судиите кои се раководат само од Уставот и законите а не и од

политичкото влијание на партиите. Јас не можам да разберам која е крајната цел на овие активности за ставање на судството под партиски стеги. Ако на овој начин се прават обиди за усогласување на поставеноста на судските институции, со нивната поставеност во земјите од ЕУ, вака тоа е невозможно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Придржувајтесе на темата на точката на дневен ред.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ако се сака на враќање на принципот на единство на власта, со контрола на партиите во Владата и над собранието и над судската власт, ми се чини дека тоа е нелогична намера. Меѓутоа, независно дали воопшто има друга крајна цел, која излегува од рамките на дневно политичките потреби на сегашните коалициони социјалдемократски партнери, последиците за позицијата и функционирањето на судството во РМ со изборот на членови на РСС на овој начин ќе бидат долгорочни. А зависноста на судовите од политичките партии и влијанието на извршната власт врз нив само ќе се зголемува.

Од овие причини, пратеничката група на ВРМО-ДПМНЕ се спротивставува на ваквиот избор на членови на РСС и се надева дека ќе се изнајдат сили за негова вистинска поставеност во функција на создавање на независност на судството, како што е тоа во секоја нормална демократска држава.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на г-дин Стојановски.

Никој повеќе не бара збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот Абдулселам Канзоски да биде избран за член на РСС го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

(по гласањето)

Гласале 82 пратеника, 71 гласал за, 1 воздржано и 10 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

Кој е против молам да крене рака.

Никој не е против.

Дали има некој воздржан.

Нема.

Од вкупно 35 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство, за предлогот гласаа 20 пратеници, никој не гласаше против или воздржано.

Констатирам дека Абдулселам Канзоски е избран за член на РСС.

Преминуваме на избор на членови на РСС предложени од Претседателот на Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот Трајко Вељановски да биде избран за член на РСС.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Со оглед на тоа што нема претставник на предлагачот, значи предлагачот нема претставник овде во Собранието, незнам дали имаме деловничка можност да гласаме и да распрваме по нив.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема деловнички, но сега интервенирав да повикаат претставник и ќе почекаме додека дојде.

Пред да добиеме информација дали ќе дојде претставник на претседателот на Републиката, ќе продолжиме по наредната точка, па ако дојде претставник на предлагачот ќе се вратиме на таа точка.

**Преминуваме на 11-тата точка -** Предлог за именување претседател и членови на Комисијата за хартии од вредност.

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот д-р Весна Пендовска да биде именувана за претседател на Комисијата за хартии од вредност.

Молам, дали некој бара збпр? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претредсот.

Предлогот д-р Весна Пендовска да биде именувана за претседател на Комисијата за хартии од вредност го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(по гласањето)

Гласал 81 пратеник, 66 за, и 15 против.

Констатирам дека д-р Весна Пендовска е именувана за претседател на Комисијата за хартии од вредност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Отворам претрес по Предлогот Борислав Атанасовски да биде именуван за член на Комисијата за хартии од вредност.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Борислав Атанасовски да биде именуван за член на Комисијата за хартии од вредност го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник. 57 гласале за и 14 против.

Констатирам дека Борислав Атанасовски е именуван за член на Комисијата за хартии од вредност.

Отворам претрес по Предлогот Владимир Илиев да биде именуван за член на Комисијата за хартии од вредност.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Владимир Илиев да биде именуван за член на Комисијата за хартии од вредност го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеник. 61 гласале за и 11 против.

Констатирам дека Владимир Илиев е именуван за член на Комисијата за хартии од вредност.

Отворам претрес по д-р Гоце Петрески да биде именуван за член на Комисијата за хартии од вредност.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот да биде д-р Гоце Петрески е именуван за член на Комисијата за хартии од вредност го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеник. 60 гласале за и 14 против.

Констатирам дека д-р Гоце Петрески е именуван за член на Комисијата за хартии од вредност.

Отворам претрес по Сабахудин Сашивари да биде именуван за член на Комисијата за хартии од вредност.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот да биде Сабахудин Сашивари е именуван за член на Комисијата за хартии од вредност го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеник. 60 гласале за и 10 против.

Констатирам дека Сабахудин Сашивари е именуван за член на Комисијата за хартии од вредност.

Отворам претрес по д-р Владимир Филиповски да биде именуван за член на Комисијата за хартии од вредност.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот да биде д-р Владимир Филиповски е именуван за член на Комисијата за хартии од вредност го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеник. 60 гласале за и 14 против.

Констатирам дека д-р Владимир Филиповски е именуван за член на Комисијата за хартии од вредност.

Отворам претрес по Иван Штериев да биде именуван за член на Комисијата за хартии од вредност.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот да биде Иван Штериев именуван за член на Комисијата за хартии од вредност го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеник  62 гласале за. 1 воздржан и 13 против.

Констатирам дека Иван Штериев е именуван за член на Комисијата за хартии од вредност.

Минуваме на точката 12 - Предлог на одлука за изменување на Одуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници 71гласале за, 2 воздржани и 3 против.

Констарирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точката 13 - Предлог на одлука за изменување на Одуката за членови на Управен одбор на ЈЗО Болница за душевни болести “Демир Хисар”.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеници 64 гласале за, 5 воздржани и 3 против.

Констарирам дека Собранието ја донесе одлуката за членови на Управен одбор на ЈЗО Болница за душевни болести “Демир Хисар”.

Минуваме на точката 14 - Предлог на одлука за изменување на Одуката за членови на Управен одбор на ЈЗО Психијатриска болница “Скопје” - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници 66 гласале за, 7 воздржани и 1 против.

Констарирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одуката за членови на Управен одбор на ЈЗО Психијатриска болница “Скопје” - Скопје.

Минуваме на точката 15 - Предлог на одлука за изменување на Одуката за членови на Управен одбор на ЈЗО Завод за здравствена заштита - Тетово.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници 67 гласале за, 4 воздржани и 5 против.

Констарирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одуката за членови  на Управен одбор на ЈЗО Завод за здравствена заштита - Тетово.

Минуваме на точката 17 - Предлог на одлука за дополнување на Одуката за избор на претседатели, заменици претседатели и членови  и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е доставена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Се јавувам како пратеник на Демократската партија за просперитет, во врска со одлуката што ја има донесено републичкиот парламент за претседатели, заменици претседатели, членови и заменици членови од Републичкиот парламент кој ќе биде во состав на Комисијата за европски прашања.

Прво, гледам како неоправдано еднаш дека Комисијата за избор и именувања која не ги има консултирано сите пратеници, без оглед дека Партијата за демократски просперитет има само двајца пратеници, но кога се работи за круцијални прашања, за многу значајни прашања, за една стратешка комисија, за Република Македонија, мислам дека Комисијата за избори и именувања требаше да ги консултира пратениците на ППД.

Второ, срамота е дека ништо не се предлага, 26 или 28 членови на една комисија, а да нема место за еден член или еден пратеник на ППД. Ова значи е нешто неиздржливо.

Затоа мислам и треба да ја земам поддршката на мнозинството во Парламентот, дека не е во наша полза ние да бидеме присутни во оваа комисија, но да биде во општа полза, во полза на сите за да има претставник пратеници од Партијата за демократски просперитет во оваа комисија. Јас мислам дека не е касно одлуката да ја повлечете и да се вратите повторно на Комисијата за избори и

именувања каде ќе се направат дополнителни консултации да учествуваат сите пратеници кои учествуваат во овој Парламент. Затоа што, ако е општ интерес, ако е од интерес само на оние партии кои го сочинуваат мнозинството во Парламентот и мнозинството во опозијата, мислам дека е на штета за Република Македонија и за населението кое живее во Република Македонија. Затоа, мислам дека овде треба да му се отстапи место, ако има место, ние од ПДП сме во состојба да не бидеме во други комисии, но во оваа комисија да бидеме. Затоа, сме и членови на две комисии. Незнам од 22 - 23 комисии, колку ги има во Парламентот, ние сме присутни само во две комисии.

Затоа, јас ве молам, ова не е само една молба, туку една обврска на Парламентот, на претседателот на Парламентот, на Комисијата за избор и именувања и на сите пратеници кои се пратеници во овој состав на Парламентот да најдат место за ПДП во оваа Комисија. Затоа мислам дека треба да се врати во Комисијата за избори и именувања, да се направат поопширни консултации, затоа што доколку во Комисијата има членови од Демократскиот просперитет, мислам дека Комисијата ќе добие и од квалитет, но може да се зголеми и бројот на квантитативна смисла.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, кој друг бара збор?

Има збор Хисни Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Јас лично се согласувам со забелешката на Абдулади. Мислам дека е направен еден пропуст, но тука е и претседателот на Комисијата за избор и именување и сугестијата на господин Абдулади, за да има уште еден пратеник од ППД во оваа Комисија, мислам дека е од извонредно значење, на место и има основа и оправдување нивното барање да се прифати.

Јас општо сакам да ви кажам. Непостои ништо што ние да изразиме некоја си резерва, често пати многу нешта, за многу работи се консултираме со пратениците на ППД и често пати нивната помош е навистина голема во Парламентот, што се однесува до гласањето.

Јас мислам дека во овој правец, во оваа насока, треба да размислуваме како да изнајдеме еднаш формула да се надмине сето ова и за да го реализираме

нивното барање, мислам дека е добро да се размисли, тука е и претседателот на таа Комисија, да се изнајде една насока, еден вид формула за да се заврши целата оваа работа во полза на барањето на пратеникот Вејсели.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитувани пратеници, со оглед дека ова е значајна комисија, а времето не гази, јас предлагам парламентот да ја усвои комисијата. Доколку во рамките на партиите кои ги претставуваат албанските граѓани има расположение за внатрешни прераспределби на веќе усвоената комисија на една од наредните седници предложете на ваше место некој од таа партија, ќе биде дополна на точка на дневен ред на наредна седница. Јас инсистирам комисијата да се формира денес.

Молам, дали некој друг бара збор?

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Сугестијата на претседателот ја прифаќаме, но со една забелешка.

Добро би било ние во рамките на сите 13 членови колку што ги има оваа комисија но и 13 други резервни, мислам дека клучот е, што се однесува до партиите на албанците, но добро би било со оглед на сето тоа да се најде едно место, но не да се условуваат албанските партии. Јас ја подржувам оваа идеја, но да се условува присуството дас правиме еден вид пазар во името на ДУИ, иако не сум се рконсултирал со парламентарната група, ние имаме едно место, значи, оној процент кој што нас ни следи, но многу малку се опфатени во комисиите другите партии. Би било добро, јас ја подржувам оваа сугестија од ваша страна. Јас се согласувам со вас да поминеме со гласањето на комисијата, а потоа да се види можноста еден член на комисијата преку консултации со координаторите да се изнајде едно место за ППД.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа е секогаш можно, меѓутоа однапред не можеме да прејудицираме на чие место ќе биде тоа ако биде. Тоа е работа на пратеничките групи, кои се усогласуваат меѓу себе. Предлагам ако има пријавени во таа насока да не ја водиме таа дискусија сега. Се покажува на лице место дека не може на парламент да се усогласиме, ако претходно на комисиите не е усогласена таа работа. Затоа ве

замолувам ако е во тој правец да не дискутираме, туку да причекаме дали ќе има консултации.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да го искажам ставот на ВМРО-ДПМНЕ.

Се приклучуваме кон вашиот предлог дека оваа комисија треба да биде избрана сега, поради нејзината исклучителна важност и поради тоа што долго време не е констутуирана оваа комисија, а знаеме што значи таа за нашата евроинтеграција, така да доколку има покасно измени, на следните седници на Комисијата за избори и именување на парламентот може да се направат измени и дополнувања на оваа комисија.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани ..

Како сакате разберете не нас од ППД во овој случај, но јас ви велам дека во нашиот придонес што сме го дале уште како се пријави идејата да се основа една ваква комисија, да се даде и нашиот придонес во она што значи европски интеграции, ние сме дале и многу идеи и форми за конституирањето и за работата на соодветната комисија. Оваа наша интервенција ве молам немојте да ја разберете дека бараме милост. Вие треба неопходно да не ставите во оваа комисија, но јас и мојот колега Вејсели, ова го велиме од аспект на она што е начело, принцип. Вакви грешки не треба да се повторат, затоза што има комисии во кои ние сме свесни дека не ни е местото таму. Ја знаеме нашата позиција, но многу ни е јасно што значи парламентарен живот.

Но, ова е една комисија на која не и дале малку повеќе внимание, ангажирајќи се искрено да го дадеме нашиот придонес, со самиот факт дека се работи за една комисија која како работно тело на Парламентот ќе стави еден линк, една линија, непосредна линија било со Европскиот парламент, но и со другите парламенти кои во оваа насока треба да дадат придонес. Секоја друга форма која овде се предложи и од вас почитуван претседателе, мислам дека не е во ред. Има можности да се повлече предлогот и да се консултираме и ние како дел од овој Парламент и после да се предложи, односно да има одлука за овој предлог на оваа комисија. Но, како и да е, доколку се расипе редот и доколку вие мислите, јас имам забелешка дека со задоцнување се врши оваа работа, со доста задоцнување се основа оваа комисија уште кога беше како предлог и идеја, но доколку вие мислите

дека ние го расипуваме редот, дека така како што сте го замислиле вашиот концепт, вие продолжете да работите како сакате. Но, нека остане дека и покрај тоа мислам дека од начелен аспект, од принципиелен аспект вие правите грешка. Вие знаете, со број на гласови, затоа што сте парламентарно мнозинство, вие ќе бидете тие кои ќе одлучите во оваа насока.

Јас предлагам, значи, како што имаше и предлог од координаторот на парламентарната група на ДУИ, оваа комисија или овој предлог да се повлече, да се комплетира уште еднаш со претставувањето на сите нас и после да се усвои овде во Парламентот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ако со тоа вие апелиравте до мене, мислам дека не ви беше потребен таков цинизам.

Дали друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлука го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Гласале 79 пратеници.

73 гласале за и 6 против.

Продолжуваме со 16-та точка од дневниот ред.

Шеснаесетта и Осумнаесеттата останаа и половично, немаме претставник од претседателот.

Мислите таа побрзо ќе оди? Се согласуваме сите? Да видиме, ако има расправа.

Осумнаесетта точка - Предлог на одлука за разрешување на претседател и членови на Одборот за доделување наградата за годишни остварувања во областа на публицистика и новинарство, именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Мито Хаџивасилев - Јасмин”.

Предлог - одлуката ви е доставена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Со оглед дека има пријавени дискутанти, а до 16,оо часот се договоривме денеска од објективни причини дека работиме.

Денеска ја затворам седницата

Продолжуваме утре во 10,оо часот.

(Седницата прекина со работа во 15,55 часот)